**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 декември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да повелат да влезат во салата, започнуваме со работа со денешната седница.

Продолжуваме со работа по Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Влатко Серафимов, Тале Герамитчиоски, Лазар Китановски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Абдуладиі Вејсели и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Втора точка - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Овде е моментот кога треба да ве известам дека на координацијата која штотуку се одржа се договоривме, за разлика од вчера, денеска да оди се евентуално поефикасно и побрзо, за што не чека голема агенда. Притоа беше договорено да говори по вчерашната пауза господинот Рафис Алити од страна на ДУИ, а договорено е исто така да не земаат збор од страна на ДПА.

Во таа смисла дозволете ми да го провериме дисплејот и да видиме што е валидно, а што не е.

Господинот Даут Реџепи не е тука, тоа се брише.

Господинот Бесим Догани не е тука, тоа се брише.

Господинот Стојан Андов, вие барате збор? Добро, Стојан Андов ќе добие збор.

Фосподинот Никола Поповски не е тука.

Господинот Гарип Каба не е тука.

Јагнула Куновска не е тука.

Насер Ајдини не е тука.

Значи, од прочитаните е тука само господинот Стојан Андов, повелете господине Андов, а потоа ќе има збор господинот Рафис Алити.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, почитувани колеги.

Јас се јавив за збор за неколку работи да истакнам.

Вчера и денес расправаме една точка која доаѓа како договор на лидерите на четирите најзастапени партии во Парламентот. Инаку таа точка е дел од еден поголем комплекс на точки по кои Парламентот не можеше да најде пат да ги реши. Сме се обидувале на еден или на друг начин, но не сме можеле да ги решиме. Затоа се префрлија ако може да се направи договор кај тие четири лидери. Колку што видов тој договор успешно функционира. Тие направија договори и ние овде направивме еден исчекор од една ситуација која беше неповолна и донесовме многу добри акти.

Јас предлагам тоа што е договор и даден како договор на четирите лидери да го усвоиме овде, да не наметнуваме разлики, кавги, тоа е основното на што сакав да апелирам. Инаку, ќе излезе дека Парламентот не само што сам не може да се договори, туку и по договореното не може да се договори.

Сепак предлагам да ја извршиме нашата функција што ја имаме овде и предлагам да избегнеме непотребни судири и да го донесеме овој акт. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Андов.

Господата Никола Поповски, Гарип Каба, Јагнула Куновска, Насер Ајдини не се тука. Во овој момент дојде господинот Ѓорѓи Оровчанец, се извинувам Рафис пред вас е на листата.

Дали вие господине Оровчанец останувате уште за збор?

Повелете, па после господинот Рафис, така е листата.

Повелете господине докторе, имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, господа пратеници,

Морам да земам збор затоа што се работи за една важна работа тоа е Комитетот за односи меѓу заедниците од една страна, а од друга страна се работи за мој избор во тој Комитет.

Ќе се обидам да бидам краток и да не ви одземам време и мојата дискусија да ја фокусирам на она што реално сметам дека е потребно да се каже, за разлика од дискусиите вчера кои дискусии на некој начин, ако бидам добронамерен, само ќе ги сфатам како вентил на политичката сцена за ослободување на одредени фрустрации или нагомилани енергии и тензии помеѓу политичките партии.

Меѓутоа, сето тоа ќе го ставиме надвор затоа што пред себе имаме еден интерес кој е заеднички. Тој заеднички интерес е сепак Република Македонија и нејзините евроатлански интеграции.

Па, токму поради овие причини, драги колеги, ако Комитетот за односи меѓу заедниците сакале или не сме го произвеле ние во Уставот после Рамковниот договор, тогаш мора да прифатиме дека е тоа наш производ, меѓутоа, дека станало наша потреба во овие услови веќе станува нужна реалност.

Ако Комитетот за односи меѓу заедниците на Република Македонија е тело кое сега едноставно мора да постои, тогаш мора да опстои и да

работи, но во тие услови мора да даде и очекувани резултати.

Прашањето е важно ако за Комитетот се расправа во Брисел и тогаш прашањето добива посебна важност.

Ако Комитетот за односи меѓу заедниците односно за него имаме конкретни забелешки во Годишниот извештај на Европската комисија и тоа експлицитно негативни, тогаш Комитетот е нешто што овде ни се наметна, меѓутоа се дефинира како наша обврска.

Ако рекомпонирањето,но и функционирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците е наш услов, наша домашна задача која Република Македонија треба да ја исполни, тогаш мораме со тоа придвижување кон евроатланските интеграции тоа да го реализираме.

Драги колеги, ако работите сами ги доведовме до тука за да меѓуетничкиот комитет и односите меѓу националностите станат идна приоритетна работа за овој Парламент за да добиеме членство во НАТО гледаме и сами дека го ставивме како точка на дневен ред на сред Буџетот кој имаме законска обврска да го донесеме до 31 овој месец. Тогаш и во такви услови Комитетот за односи меѓу заедниците не може и не треба да биде, да има место за сомнеж за него и дека со него може да се манипулира спротивно на интересите на граѓаните.

Комитетот за односи меѓу заедниците не може и не треба да биде место и причина во кое и заради кое неговите членови преку ноќ може или мора да ги сменат своите национални интереси. Ова морав да го вметнам врз основа на вчерашните дискусии кои во континуитет ги потенцираа овие елементи.

Ако заради овој Комитет видовме дека може да се направи застој, штета на Република Македонија, зошто заради Комитетот да се направат и други отстапки кои се прават во Парламентот, а тоа се изигрување на одредени законски норми, изигрување на Бадентер, изигрување на Деловникот, практично на ова Собрание.

Да не заборавиме дека Комитетот за односи меѓу заедниците е дел и обврска на некој начин, некои овде го кажуваат, некои го негираат мајскиот договор. Овој договор иако беше меѓупартиски или бипартиски договор, стана обврска, стана наша заедничка обврска на сите пратеници во ова Собрание, меѓутоа очигледно извештаите што ќе ги добивавме стана обврска на Република Македонија. Она што е непосредно на преден план пред Комитетот за односи меѓу заедниците се и оние договорени 45 закони кои ова Собрание треба да ги донесе по Бадентер.

Сето ова е доволна причина на предизвикот да бидам член на овој Комитет. Иако до сега зборував зошто рекомпонирање на Комитетот и што со Комитетот, сега ќе кажам неколку збора што јас мислам и на кои принципи треба да работи.

Драги колеги, доколку ме изберете, ќе се залагам и инсистирам во Комитетот за односи меѓу заедниците да нема спроведување на било какви теснопартиски интереси. Не опозициони, не позициони, не внатре национални, дали се внатре во македонска заедница или интер албанските односи, она што вчера го видовме препукување меѓу двете политички албански партии.

Моето сфаќање за таа работа е наднационално и во интерес на сите граѓани на Република Македонија сочувајќи го унитарниот карактер и Уставот на Република Македонија каде со амандманите и од Рамковниот договор се гарантираат правата на секој човек и на секоја заедница во Република Македонија.

Во работата на Комитетот ќе се трудам и ќе инсистирам да нема пазарење, да нема надгласување и да нема поделби.

Стремежот во работата на овој Комитет ќе ми биде меѓусебно разбирање и јавност во работењето која ни е неопходна за да можеме да се сфатиме и разбереме.

Комитетот, истовремено неопходно треба да го има ставот и на стручната експертска јавност, но и ставот на сите други кои можат да бидат засегнати од одлуките што се донесуваат во Комитетот.

Комитетот и според името што го носи треба да биде пример, промотор на меѓуетничките односи и место за премостување на партиските интереси.

Вчера гледавме и бевме присутни во без број изјави каде се вика бранење на своите национални интереси. Комитетот за односи меѓу заедниците, неговата замисла и формирање на нашиот Устав не е бранење на нашите интереси, кои доколку се гетоизирани секогаш ќе се зголемуваат и надградуваат до безкрај. Меѓу етничкиот комитет е формиран со една единствена цел, да ги надмине тензиите и да го промовира соживотот на заедниците. Очекував овој Комитетот во најскоро време да ја запознае и јавноста со својата работа и со својата Агенда за која сметам дека мора да се воспостави а не да биде инцидентна. Меѓутоа, истовремено најверојатно потребно е за да се добие таква можност, време и простор, за да се изманифестира позитивното работење на овој Комитетет.

Драги колеги овде ќе се приближам кон крајот и ќе кажам неколку работи.

Изборот во меѓуетничкиот комитет, мојот лично е дел од договорите кои што се правеа. Јас влегувам таму како дел од опозицијата, меѓутоа тоа не значи дека ќе бидам опозиционер со македонската и со албанската заедница во Република Македонија. Не можам да бидам опозиционер на сите граѓани на Република Македонија. Тоа се моите ставови тоа е мојот личен интегритет. Доколку моето согледување за Комитетот и принципите за работење кои овде ги дефинирав најкратко што е можно и познавајќи ме мене ви е прифатливо такво решение тогаш можете да ме изберете. Доколку не, би ви бил

благодаран, и да не ме изберете затоа што на друг начин не мислам да работам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам претседателе.

Почитуван колега јас не знам вчера каков бил преводот, меѓутоа сметам дека не сме се разбрале како што треба. Во ниеден случај не се сомневам во ваш, во вашата способност и во вашите можности да бидете член во самиот комитет, како што не се сомневам и во вашата етничка припадност. Јас укажав на фактот дека вие сте македонец и дека јас ве респектирам и ве почитувам како таков, затоа што сметам дека Македонија е мултиетничко и мултикултурно општество во кое што треба да се почитуваат идентитетите и да се почитуваме едни со други.

Меѓутоа, сакав да укажам на пратеничката група на ДУИ дека со замената на еден член од Комитетот кој што е од ВМРО ДПМНЕ со друг член, па ете во овој случај сте вие не значи дека нешто се направи за доборото на албанскиот народ. Значи, онаа теза која што ја промовираше ДУИ.

Сакав само да укажам на фактот дека мајскиот договор во целост, со сите точки кои што ги има, според мене, нема, тоа е мое мислење, нема целосно решение за решавање на интересите и потребите на албанскиот народ. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Нема контра реплика.

Господине Рафис Алити, повелете со вашиот збор.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Почитувани колеги пратеници, ние како парламентарна група во вчерашната пленарна седница и дебатата која што се одвиваше околу кандидатот кој што треба да се именува во Комитетот за односи меѓу заедниците, ние како парламентарна група, ние уште еднаш ке кажам дека проценивме дека тоа беше дебата ко ја воопшто не беше околу темата за која што требаше да дискутираме.

Се дискутираше за се друго, меѓутоа, не околу тоа што беше точка околу дневниот ред. Јас ќе настојувам да бидам колку што е можно пократок, истовремено, да им дадам одговор на многу покренати прашања или дилеми кои што беа тука поставени вчера.

Доколку денешната дебата која што се одвива сега, или вчерашната која што се одвиваше, да се одвиваше кога го гласавме Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците можеби тогаш ќе имаше смисла, меѓутоа, денес тоа што го правиме се гледа јасно дека сме надвор од темата, меѓутоа, како и да е сепак продолжуваме со дебата.

Со Законот за односи меѓу заедниците се корегираат или пак се уредуваат два многу значајни моменти.

Првиот момент е неправда која што се нанесе на македонската опозиција и таа се исправа. Значи, и во минатиот состав на Комитетот за односи меѓу заедниците позицијата имаше четири члена, македонската позиција имаше 4 члена, во Комитетот за односи меѓу заедниците, додека опозицијата имаше три члена. Во овој случај се прави таа условна исправка, така да кажам, и наместо членот на ВМРО ДПМНЕ се именува исто така член од македонската опозиција и тука нема ништо лошо, туку напротив се зачувува балансот, ремнотежата во Комитетот за да истиот навистина ја одигра својата улога.

Вториот момент е тоа што со законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, прецизирањето пред ние да го стекнеме статусот на пратеник овде во Парламентот, значи се прецизира кој може да биде член на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Јас верувам дека ова им е јасно на сите пратеници во Собранието, меѓутоа сепак, обидувајќи се да добијат политички поен плус се обидуваат и оваа работа да ја стават во заблуда и тоа не само тука, туку и надвор од салата. Се дебатира во оваа насока и јас уште еднаш ќе истакнам , се прецизира кој може да биде член на Комитетот за односи меѓу заедниците од едничките заедници, се разбира. Добро е да се донесе регулатива или пак ваков закон за да во иднина ги немаме тие проблеми со кои што се соочувавме во минатото, за да ние ги спориме и одлуките на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Што се однесува до вчерашната дебата почитувани колеги ние можеме да ги отвориме тие теми за тоа кој го прифаќа или не го прифаќа, или не го признава Охридскиот рамковен договор, кој го имплементира и колку го имплементира истиот, дали постои или не договорот од 29 мај или не. И овие теми сме подготвени да ги отвориме, меѓутоа тоа не е на дневен ред. Исто така, можеме да ги отвориме и темите за законите кои што се донесени во 4-годишниот мандат на ДУИ почнувајќи од судството, официјализирањето на тетовскиот универзитет, територијалната организација, Законот за симболите, Законот за добивање на државјанство, Законот за радиодифузија итн. Ние сме подготвени на овие теми да одговориме и да не ги истакнуваме. Исто така, сме подготвени да дебатираме и тоа ќе дојде на дневен ред, договорот од 29 мај, ќе дојдат и другите точки, не само дали се 5, 3 или 2. Јас ви кажувам дека сите тие 5 точки ке дојдат на дневен ред за дебата во Собранието затоа што ова е вистинското место каде што треба а се дебатираат истите, поаѓајќи од точката 1 до точката 5. Кога ќе дојдат тие точки на дневен ред во Собранието ќе биде добро вие од ДПА да дебатирате за тоа, да ги дадете вашите забелешки. Доколку мислите дека ние ги оштетувате интересите на албанците со договорот од 29 мај повеќете пред да дојдат тие точки на дневен ред во Собранието, вие сте на власт, не заборавајте повелете предложете

закони за сите пет точки. Подобри закони одколку тие што ние сме подготвени во моментот да ги понудиме. Ние сме тие што ќе ве поддржиме. Тоа ви го кажав и вчера, и денес ви го кажувам, иако вие не не поддржувавте нас во нашиот 4-годишен мандат, меѓутоа тоа бил и останува ваш проблем.

Исто така, се дигна многу прашина околу тоа зошто е изготвена листа на закоини која што би требало да се гласа со Бадинтеров принцип. Ние сме истакнувале и порано, тоа го правиме и денес. Таа листа се изготви, затоа што почна ревизија, ревидира ње на законите кои што во минатото биле гласани со Бадинтерово мнозинство. Еден од тие закони кој што почна да се ревидира беше Законот за радиодифузија. Или пак да ве потсетам на вашето барање кое што беше нешто што треба да се уреди. Да го уреди Уставниот суд, законот за донесување на Закон за полицијата, затоа што тој закон требаше да се донесе со двотретинско мнозинство, додека вие го изгласавте со едноставно мнозинство. Ова го велам затоа што на сите ни е јасно дека покрај овие закони кои што се 46 на број не може Деловникот на Собранието или пак Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците да се ставаат на Уставот.

Секако дека истите тие закони кои што се по однос на јазикот, културата итн, кои што се гарантирани со Уставот треба да се донесат со двојно мнозинство да се излгасаат во Собранието, тие закони и понатаму останува да се донесат на тој начин.

Меѓутоа, се разбира дека Комитетот за односи меѓу заедниците треба да има целосна доверба од сите парламентарни групи присутни во Собранието. Во иднина да донесе полноправни одлуки во оваа насока. Ние како Парламентарна група ниту сме помислиле да спориме некој член од Комитетот за односи меѓу заедниците, независно од тоа на кој политички субјек припаѓа истиот. Во овој случај се разбира и колегата Ѓорѓи Оровчанец.

Напротив мислите дека се исправа една неправда која што се нанесе на македонската опозиција и ние секако дека ќе гласаме за, ќе го поддржиме предлогот кој што се нуди на Собранието.

Нема да должам повеќе, мислам дека во интерес на сите нас е навистина во иднина да се придржуваме кон дневниот ред.

За ова е најповикан претседателот на Собранието, да го прави истото. За жал, ќе кажам истото го кажав и синојка, координаторот на Парламентарната група на ВМРО ДПМНЕ цело време вчера молчеше, колешката Силвана Бонева, а исто така и претседателот на Собранието. Доколку госпoда ова го правите во договор со ДПА не излегувајте да го обвинувате после тоа ДУИ, затоа што ДУИ не ви е виновен. ДУИ на крајот на краиштата е опозициона партија. На ДУИ се нанесе таа неправда. Зошто се нанесе? Се нанесе таа неправда што се нанесе, се згази гласот на Албанецот кој што гласаше за ДУИ, но како и да е сценариото од 25 септември не е во интерес на Република Македонија. А тоа што синојка го гледавме, го слушавме од Парламентарното мнозинство, поаѓајќи од претседателот на Собранието, сигурно дека тоа не враќа на настаните од 25 септември. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави само господин Агим Рамадани.

По оваа реплика и контрареплика на господинот Рафис Алити ќе ја заклучиме дискусијата, ќе го затвориме претресот според договор постигнат пред половина час.

Повелете со вашата реплика господине Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Благодарам господине претседателе.

На господинот Рафис ќе му реплицирам во делот кој што сношти ми остане должен, побара пауза и на крајот на дојде да ја образложи паузата и ставот на Парламенарната група, но тоа е нивно право и секако како сакаат да постапат, така и постапуваат.

Во насока на денешната дискусија на господинот Рафис се забележува позитивна тенденција за осветлување и призна три работи кои што се позитивни што порано да ги направиме.

Првото е дека партијата на господинот Рафис Алити, денес рече дека со замената на еден член од ВМРО ДПМНЕ со еден друг член од македонската опозиција, фактички неговата партија работела да имплементира еден член од опозицијата во овој Комитет. И јас немам против ниту против Оровчанец и во овој Комитетот не би требало да постои овој Комитет доколку имаше демократијај во Македонија, доколку имаше вистина слобода и доколку имаше правна држава. Верувам дека во иднина со имплементацијата на демократските европски одредби и влегувањето на Македонија во НАТО и Европска унија, овој Комитет не треба да постои од причина што Македонија како држава на Европската Унија и НАТО структурите ќе игра друга игра - игра на Европската демократија.

Второто што го призна господинот Рафис, рече дека нас ДПА не не поддржа во текот кога бевме ние на власт со СДСМ, што значи дека им требаше наша поддршка. Но, господине Рафис никогаш со СДСМ нема да ве поддржиме со начинот на кој постапуваше со вас таа партија и какви одлуки и предлози носеше од вашата партија.

Немојте да мислите дека нас ни е мило што СДСМ на тој начин се однесува со вас.

Трето, денес признавте дека ќе ве поддржиме со конкртни Нацрт закони и ви честитам во оваа насока заедно, иако ние кога дадовме добри совети од опозиција не ги прифатија, ние со желба ќе ги прифатиме нивните забелешки во насока на тоа Законот да биде модерен, современ и во согласност со Европските стандарди, Законот за паднатите борци на ОНА да биде закон за паднатите борци и оштетените, а не за жртвите.

Ви благодарам за поддршката што ќе ми ја дадете.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Алити, со вашата минута контра реплика.

**Рафис Алити:** Благодарам

Почитуван колега едно нешто треба да знаете. Во составот на Комитетот за односи меѓу заедниците го урдедува Уставот на не Законот. Оваа работа е вака и не може поинаку да се уреди.

Со законот за Комитетот за односи меѓу заендиците се уредува или пак се прецизира неправдата која што се нанесе на Комитетот, да се фалсификува идентитетот на една пратеничка. Ова поглавје за нас е затворено.

Што се однесува до законите за кои што кажав дека не сте ме поддржале, вие го гласавте Законот за официјализирање Законот за Тетовскиот унвиерзитет и тоа го нарековте "колипка". Тоа е ваш проблем. Вие сте во позиција во моментот, понудете закони ние ќе ве поддржиме, нешто што вие не сте го направиле. Немојте да седите како кукли а вашите минисри таму да ги средуваат само фризурите. Нека предложат закони кои што ние како опозиција ќе ви даваме аргументи. Ние не можеме да предложиме законот за инвалидите или пак за јазикот. Тогаш ќе одиграте улога на позиција и ќе оправдате зошто сте на власт.

(Господинот Сулејмани бара збор за реплика)

**Љубиша Георгиевски:** Немате право господине Сулејмани на реплика, затоа што ова беше контрареплика.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Службвите ги пре бројуваат присутните пратеници во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник. Од кои за гласале 55, воздржани 6 и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.

**Љубиша Георгиевски: Минуваме на точка 3 - Предлог на одлука за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави госпоѓа Илинка Митрева, повелете.

**Илинка Митрева:** Благодарам господин претседателе.

Во име на пратеничката група на СДСМ, би сакала да го поздравам конституирањето на Националниот совет за евроинтеграции.

Иако задоцнето, формирањето на ова тело ќе му овозможи на Собранието на Република Македонија да ја засили својата позиција на активен учесник во овие исклучително значајни стратешки процеси, какви што се евроинтеграциските.

По Извештајот на Европската комисија кој содржи сериозни критики за Македонија, за политичките процеси, но и за забавените реформи, сметам дека е потребна општа мобилизација на политичките фактори, но и на интелектуалната и експертската јавност во Република Македонија, за да се остане на европскиот пат и на тој пат да му се даде интезитет, значи да се стаса изгубеното време во остварувањето на реформите и да се засили остварувањето на политичките критериуми.

Според мое мислење, структурата на овој Совет, но и челното место за опозицијата, ќе обезбеди посилна координација, но и поголема кохезиона моќ на политичките, експертските и општествените чинители во Република Македонија.

Верувам дека овој Совет со своето функционирање и на некој начин надгледување на потезите на Владата, но и стимулирање на тие потези, ќе има свој значаен придонес во обезбедувањето на што поскорашен датум за отпочнување на преговорите за членство на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Повелете господине Неждет Мустафа, имате збор.

**Неждет Мустафа:** Благодарам претседателе.

Имам една реакција во однос на составот на члeновите на Националниот совет за евроинтерграција и таа реакција е пред се колегијална, би сакал да ја упатам до мојот почитуван колега Хасипи.

Иако по консултации каде јас образложив дека, токму сега кога е Декадата на Ромите и кога е во прашање стратегијата на Ромите и нејзината имплементација, лично сметав дека погодно би било тука да биде член еден од ромската заедница, за поуспешна имплемантација на самата Декада и самата стратегија на Ромите. Жалам за слухот на кој не наидов, особено кај мојот почитуван колега Кенан Хасипи, со тоа што, иако јас знам дека тој е борец за надгласување на мајоритетот над миноритетот, сепак тука очекував еден, пред се, џентламенски и колегијален пристап. Затоа токму сега сакам да го изкажам моето незадоволство, сметајќи дека многу поуспешно би можеле да ја покриеме стратегијата на Ромите и Декадата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам претседателе.

Јас имам разбирање за реакцијата на колегата Неждет Мустафа и за неговата желба да го даде својот придонес во функционирањето на овој Совет, меѓутоа сакам да потсетам, бидејќи е искусен пратеник дека во ова Собрание сите тела што се конституираат, се конституираат врз основа на одредени критериуми кои треба да се испочитуваат.

Моја лична желба беше, кога дојдов во ова Собрание, да имам пратеничка група. За жал, таа група е врзана да имаш пет пратеници. Бидејќи ние немавме не можев да ги остварам моите желби.

Второ, имено од претседателот на Комисијата за избори и именување добивме писмен допис со кој не информира дека од 4-те кандидати во овој Совет, што ги дава опозицијата, еден од кандидатите ќе дадат претставниците на помалите етнички заедници.

Согласно тоа писмено известување јас стапив во контакт со колегите и бидејќи сметав дека третата по бројност заедница во Република Македонија, Турската заедница, има два пратеника, редно е овој пат во овој Совет да имаат свој кандидат. Ја добив согласноста од господинот Иван Стоилковиќ. За жал, од Неждет Мустафа и од господинот Есад Рахиќ не ја добив согласноста. Така што, писмено се обративме до претседателот на Комисијата за избори и менувања и го дадовме кандидатот, претставникот на Демократската партија на Турците кој беше подржан од страна на тројца пратеници, така што воопшто не гледам причина зошто да се спориме по ова прашање.

Трето, што се однесува до Декадата на Ромите, сакам да го потсетам колегата Неждет Мустафа дека сум учествувал во расправите по ова прашање конструктивно и сум го дал својот придонес во реализацијата на се она што е утврдено со програмата и со Декадата на Ромите. Така што, воопшто не гледам причина, со тој интензитет да се продолжи во рамките на овој Совет кој скоро ќе се конституира.

Да кажам уште едно, а тоа е дека доколку треба да покажеме повисок респект кон Декадата на Ромите, има еден претставник на Ромската заедница кој е дел на владеачкото мнозинство, така што владеачкото мнозинство, согледувајќи го ова прашање, владеачкото мнозинсво можеше да го предложи него од страна на владеачкото мнозинство и на тој начин да се одржи тој мулти етнички колорит на Советот што го предлагаме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам има збор господинот Есар Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, почитуван колега Хасипи.

Согласноста се дава на гласање. Јас ќе гласам за овој Предлог.

Инаку, убаво рековте имав желба и желбата убаво ви се погоди, пред Нова Година, на денешен ден Божиќ, веројатно ќе станете член на оваа делегација. Имаше еден голем филозоф Конфуције ли беше, па Мао Це Тунг, не знам кој од нив го цитираше. Вика не е битно дали мачката е бела или црна, дали Нада е плава или црна, битно е да врши работа.

Она што го рече господинот Мустафа, јас го подржувам во сегментот дека, можеби Декадата на Ромите беше причина господинот Мустафа да биде дел од оваа Комисија. Меѓутоа, вие и она што тој го рече, по принципот на мајоризација - три лоша убише Милоша,се собравте вие, колегата Еди и Стоилковиќ и една племенита желба на колегата Нездет Мустафа ја избришавте.

Јас и сега ви реков ќе гласам за вас затоа што сметам дека треба да има претставник, да не биде денес, по утре на тоа вчера кога во првиот дел од македонскиот гласачки корпус се расправаше за ревизорот, па после албанскиот корпус се расправаше за Комитетот и сега малите етнички заедници ако продолжиме да се расправаме, реков дека ќе гласам со тоа што би ве замолил во иднина да имате малку повеќе слух и за колегите од помалите етнички заедници бидејќи како што рече и господинот Неждет Мустафа секогаш сте борец за правата на истите. А кој е, дали сте вие, или јас или господинот Неждет или кој од опозиција тоа времето ќе покаже, затоа што гласањата покажуваат дека можеби не е најопозициониот дел, да речеме, од делот на етничките заедници застапен во оваа Комисија. Ви благодарам, ја имате мојата подршка.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 64 пратеници, за гласаа сите 64.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции.

Им честитам на членовите на Националниот совет и им пожелувам успех во работата.

(Аплауз)

**Минуваме на точка 4 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за утврдување на потребата и постапката за изведување на реконструкција, доградба и надградба на зградата на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете имате збор.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Обично вие секогаш точно го изговарате моето име и презиме, но ете се случува и тоа, не ви забележувам во таа насока.

Почитувани колеги пратеници, може да ве замолам колеги...

Се извинувам почитуван претседателе, меѓутоа би замолила малку ако може да се слушаме.

Јас би сакала да го искажам моето мислење и став по она што денеска е точка на дневен ред и уште на самиот почеток да кажам дека не само што не давам подршка на оваа одлука, туку се спротивставувам на она што е денеска на дневен ред и тоа, поради тоа што сакаат грубо да се прекрши Законот за културно наследство со носењето на една ваква одлука и крајно да не се почитува Законот за просторно и урбанистично планирање. Мислам дека овој законодавен дом кој што ги носи законите, ако ништо друго не може да ја следи имплементацијата на тие закони кои што се донесени овде и нивната реализација, барем не треба тој да оди спротивно на Законот за заштита на културното наследство и Законот за просторно урбанистичко планирање. Зошто го говорам ова, ќе морам малку да кажам за генезата како дојде оваа одлука денеска да ја имаме на дневен ред. Имено, на сите ни е познато дека повеќе од пред една година се почна со една иницијатива за надградба и доградба на Собранието. И нема пратеник во оваа сала кој што не се сложува дека на Собранието му е неопходна една поголема интервенција. Значи, не пред се само за да се обезбедат, па јас не знам почитуван претседателе, кога говориме за нас пратениците за обезбедување, вие не апсолутно, не е на вас забелешката, меѓутоа кога говориме за нас пратениците за обезбедување на услови за работа каде што ќе можеме непречено да работиме и да го исполнуваме она за што не избрале граѓаните има олкава незаинтересираност, јас навистина не знам за што би требало да говориме во ова Собрание за да успееме да го привлечеме вниманието на колегите од парламентарното мнозинство да се сослушаме барем 15-тина минути.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам продолжете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван колега, се обраќам до вас, зошто вие го имате мнозинството и вие ќе не надгласате, како и секогаш. Токму за тоа ми е обраќањето до вас...

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Топузова говорете си вие, не се обраќајте на луѓе. Ве молам.

**Роза Топузова Каревска:** Затоа што се обидувам да ве разубедам дека оваа одлука не е во ред. Значи, немаше пратеник во ова Собранието кој што не се согласува дека е потребна надградба и доградба на Собранието. Собранието веќе многу години функционира во овие услови и се покажа дека не е функционално. Значи, не само за пратениците, туку и за службите во Собранието. Службите работат така речено во никакви услови и тие не можат непречено добро да си ја обавуваат својата работа. Поради тоа се распиша и конкурс за идејно решение. А што е најважно со оглед дека Собранието е споменик кој што е заштитен со Законот за културно наследство, а и дел од малиот ринг кој што целокупен ринг е дел од деталниот урбанистички план и исто така е заштитен со тој план, требаше да се почитуваат и да се побараат одредени мислења. Такво мислење од Управата за заштита на културното наследство добивме и тоа мислење јас ќе ви прочитам да видите за што се работи.

Вели: “Дека надградбата со својот габарит да биде повлечена кон внатрешноста на објектот и тоа кај фасадата на улица 11 Октомври повлекувањето да биде 6 метри, а кај источната и останатите фасади по 3 метри”. Зошто почитувани колеги беше потребно ова? Ова беше потребно со една единствена цел да не се наруши автентичниот надворешен изглед на Собранието и тоа го бараше Управата за заштита на културното наследство која што е најкомпетентна да каже како треба да изгледа надворешно Собранието да го почитува Законот за културно наследство и да го почитува Законот за просторно и урбанистичко планирање. И понатаму имаше дека тоа решение што ќе биде понудено треба да ги следи ритамот на фасадите постојни што ги имаме, значи каде што е тоа значи преведено, каде што има прозор да има прозор, каде што има влез да има влез итн, и фасадите да бидат малтерисани и тонски усогласени со фасадите на постојниот објект дури се отиде до таму да се каже дека столаријата во објектот да биде дрвена и надградбата, ве молам почитувани колеги, надградбата на објектот да биде покриена со рамен кров. Ова се условите кои што ги бара Управата за заштита на културното наследство. Ова се условите кои не ги напишав јас туку ова мислење е потпишано од никој друг, туку од директорот на Управата господинот Паско Кузман. Значи, не е од некој од ЛДП, не е од некој од СДСМ, туку директор кој што е назначен во времето на оваа Влада, Владата на ВМРО-ДПМНЕ и останатите коалициони партнери.

Меѓутоа, тогаш човекот сметал дека треба да го почитува Законот за културно наследство и го почитувал. Врз основа на ова се формира Комисија составена од пратеници, претставници на сите политички партии и од надворешни членови и тоа претставници од Асоцијацијата на архитектите на Република Македонија, еден од Управата за заштита на културното наследство и еден член од редот на архитектите на Здружението на архитекти на град Скопје. И што се случи? Се отпочна, се распиша конкурсот, ги добивме идејните решенија и врз основа на мислењето кое што го добивме...

Јас се извинувам претседателе, не сакам да им пречам можеби со моето толку гласно викање на колегите во разговорот и ако треба да прекинам, или еве нека го примат моето извинување што им пречам во разговорот. Сепак ќе продолжам понатаму.

Значи, се избра оваа Комисија и ја отпочна својата работа, се распиша конкурсот бев дел од таа Комисија и добивме 6 идејни решенија врз основа сите до еден и претседателот кој што е од ВМРО-ДПМНЕ се согласивме дека треба да се почитува мислењето на Управата за заштита на културното наследство и ги одбравме оние проекти кои што меѓу другото нудеа добри архитектонски решенија и го почитуваа мислењето на Управата. Имавме еден второ награден труд и другите добија трета награда и рамноправно ја поделија. И сега не би навлегувала околу тоа повеќе и што се случи. За понатамошната процедура кога требаше да се распише конкурсот за проектот и тендерот, наеднаш се менуваат условите кои што беа предвидени во првиот конкурс и што имаме? Имаме ново решение и сега нема да биде со рамен кров, ова јас не го измислив, ова го вели господинот Паско Кузман.

Не јас, не пратениците од парламентарната опозиција, туку Паско Кузман да биде со рамен кров и велиме, е сега, Собранието ќе има една голема купола и две странични куполи. Притоа трите куполи нема да имаат никаква утилитарност, туку ќе бидат исклучиво естетски. Мене сега ми е прашањето зошто да се трошат пари, на кому му се потребни куполи. Нас ни е потребен простор за работа, почитувани колеги. Кога се дојде до таа измена и тоа онака како што би рекол народот апансас, следуваат следните работи. Се повлекува членот од Управата за заштита на културното наследство и тоа не писмено, едноставно недоаѓање на состаноците и имаме известување од претседателот дека усно е повлечен членот, си дал самиот оставка од Управата за заштита на културното наследство и до овој момент нема нв член во таа Комисија. Се повлекува претседателот на Асоцијацијата на архитекти од своето учество, затоа што не сака да учествува во оваа лакрдија, затоа што носи одговорност не само пред нас, туку и пред генерациите кои доаѓаат. Поради истите тие наведени до сега факти се повлекувам и јас од Комисијата, за подоцна да се повлече и претставникот на СДСМ. Без да се замислите ни тронка зошто ова се случува, на кого ова му е потребно, вие едноставно го решивте проблемот. И што направивте? Не ви е важна асоцијацијата, не се замислувате зошто се иззема една таква компетентна институција, како што е Асоцијацијата на архитектите на Македонија од понатамошната работа и не ви е воопшто важно како размислува еснафот за ова што сега се случува. Дали почитувани колеги пратеници, се запрашавте зошто еснафот сега има наеднаш ваква потреба да работи во рамките на законот и да го почитува законот повеќе отколку што ќе го почитуваат законот самите пратеници. Дали си го поставивте ова прашање. Јас ќе ви одговорам, затоа што ги знаат работите, имаат морал и не сакаат тие да имаат одговорност за нешто што ќе биде надвор од законските рамки.

За да го решите проблемот со кворумот, затоа што во овој момент немате ни кворум да работи оваа Комисија, за да можете да си ги истерате тендерите, како што ги терате за другите работи до сега, носиме ваква одлука каде што се вели, бидејќи се иззема Асоцијацијата, ќе имаме наместо еден член од Асоцијацијата на архитектите, ќе имаме два члена и тоа од Здружението на архитектите на Град Скопје. Ве молам, дали може Здружението на архитектите на Град Скопје да биде на повисоко ниво од Асоцијацијата на архитектите на Македонија. Сега, каде тука ја влечам суштината и сметам дека треба да биде од Асоцијацијата. Извинете, Собранието не е на Град Скопје. Кога би било Собранието само на граѓаните на Град Скопје ајде и да го разберам ова, Собранието е национално културно богатство, мислам на зградата и на институцијата Собрание, туку зградата на Собранието е национално културно богатство.

Почитувани колеги, националното културно богатство им припаѓа на сите, апсолутно на сите и на вас од парламентарното мнозинство, но и на нас од опозицијата и на оние граѓани кои можеби и политички не се определени и на нив им припаѓа. Никој нема право да го посвојува културното наследство, па дури ни државата, затоа што културните добра не се на Владата, тие се национални културни богатства и Владата нема право и не може некој да каже и да излезе Куршумли Ан е на Владата и Владата ќе си прави што сака. Тоа не поминува ниту кај архитектите, кај оние што се совесни, ниту поминува кои што се бават со заштита на културното наследство. Ова беше целата игра за да се обезбеди парламентарното мнозинство кворум. Значи, ќе повторам, со оглед на тоа дека веќе имаме изземање на пет членови од таа Комисија, замислете од 9 се изземаат 5, од кои се изземаат двајца надворешни, ние најлесно ни е на овој начин да го обезбедиме кворумот. Сега, не би сакала тука да спомнувам имиња конкретни зошто е потребно здружението, таму имаме повеќе еден претставник и доволен е тој. Зошто не е од Факултетот, каде се тука експертите, туку баш од Здружението на архитектите. Апсолутно ни е јасно, затоа што и ние почитувани колеги, ги знаеме работите, не сме на страна, поготово оние кои што се бавеле со оваа работа во изминатите години, не сме биле од секогаш пратеници, сме имале и други професии и знаеме зошто баш од Здружението на архитектите на Град Скопје се бара да биде овој член.

Сега, почитувани пратеници, јас ве прашувам уште еднаш. Дали имате намера да го почитуваме ние сите овде Законот за културно наследство. Дали имате намера да го почитуваме Законот за просторно планирање или треба да направиме нешто кое што на некого така му е задоволство да направи куполи, кои што како што кажав нема да имаат утилитарна намена и единствено ќе бидат декоративни. Нам, почитувани колеги, во Македонија не ни требаат куполи. Ако некој прави

куполи некаде, можеби има недостаток на куполи. Погледнете ги нашите велелепни цркви, ако не подалеку појдете само до Нерези и ќе видите дека црквата Св.Пантелејмон има пет куполи, не една. Редок пример во византиската уметност. Потоа, погледнете, еве имаме колеги од Охрид, треба ли да ги набројувам сите, Св.Софија реконструкцијата, На Светклиментовата црква во Плаошник и тн. Зошто на ова Собрание му се потребни куполи. Кој оди против она што е закон, против мислењето потпишано од господинот Паско Кузман, кој оди против ова мислење, кое што треба тука да се почитува и кој сака да не размисли зошто е изземена Асоцијацијата на архитектите. Со кои аргументи се бранеше досегашната работа на Комисијата и она што е сработено, јас ќе ви кажам, тоа беше сработено врз основа на законот. Меѓутоа, за жал, сега веќе тоа не е во прашање. Во овој момент имаме и уште една работа која што не спречува да донесеме ваква одлука, а тоа е затоа што во ист пакет со собраниската зграда сега веќе тече постапка, да ве потсетам или тие што не знаете да ви кажам за надградба на трговскиот ценар, во тек е постапката. Течат исто така постапките зца надградба на Стоковната куќа и на објектот на Метропол. Овие проекти еднаш, почитувани колеги, беа предмет на валоризација и претставуваат заштитени објекти со Деталниот урбанистички план. Тоа се деловите на малиот т.н. мал ринг, оние што знаат, знаат што значи за еден град тоа. Кој сега сака да оди против сето ова и да прави нешто што него така му се бендисува, непочитувајќи го ама баш ниту еден закон. Во овој момент ова е обжалено и дали не треба барем да почекаме, да видиме како ќе заврши целокупната оваа постапка и потоа да си донесуваме одлуки, да распишуваме тендери во Собранието за градење на куполи.

Почитувани колеги пратеници, ова беше она што сакав да ви го укажам и ве молам да го почитуваме она што е кажано. Дозволете Управата за заштита на културното наследство да си даде свој член, немојте ако е само во прашање еден член од Асоцијацијата, според мене е подобро и без него да се работи, отколку на мала врата да се спроведуваат нечии желби и замисли. Јас не прејудицирам чии се, затоа што не сакам моите искази овде да ги базирам на кулоарските тврдења и мене најмалку ме интересира, апсолутно чии се идеите, но верувајте има барем две работи заради кои што не треба ова да го направите.

Прво, затоа што беспотребно ќе се трошат парите на народот;

Второ, затоа што тоа е противзаконско и ќе го наруши автентичниот изглед, оној кој што е препознатлив на Собранието на РМ.

Ако сакате уште една дополнителна, затоа што на Собраниетона Република Македонија не му се потребни куполи. Објаснив во целокупниот мал реинг, архитектонските решенија и визури не дозволуваат од естетски аспект, не само од аспект на заштита на културното наследство и од естетски да имаме стаклени куполи или можеби од некој не знам каков матеијал, не ги понавам доброматеријалите, кој што ќе биде уште еден чекор до кичот, да имаме такви куполи. Ве молам, добро расмизлете пред да го притиснете копчето и да гласате за оваа одлука. Ова е мноу сериозно прашање. НИе сме сега пратеници, ќе бидеме можеби уште две години, можеби и помалку, зависи од кога ќе бидат распишани парламентарните избори, но она што ќе го оставиме ќе биде за сите идни генерации, не мислам на идни генерации на пратеници, туку мислам на граѓани кои ќе живеат во Република Македонија. Немојте да си земате врз себе толкава одговорност и да бидете соучесници во еден ваков споредмене невиден злостор врз културното наследство на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Лилјана Поповска повелете со репликата.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги, јас сум, морам да кажам збунета од дискусијата на колешката Роза Топузова Каревска, Гледам дека е прилично фрустрирана и спомнува дека ќе има некакви куполи. Фрустрирана од тоа дека ќе има, ќе се нагрди зградата на Собранието. Не мислев ништо лошо да кажам, простете колешке, можеби не најдобро се изразив. Мене ме чуди зошто толку жестина, се спомнаа толку тешки зборови, се спомна дека ќе се направи некакво злосторство над зградата над архитектурата. Јас можеби не сум разбрала добро, но јас ве молам колешке уште еднаш да го прочитаме заено она што стои пред нас како документ. Она што мене ми е доделено во материјалот е дека треба да гласаме за одлука, за изведување на реконструкција, доградба и надградба на зградата на Собраниетона Република Македонија. Овде н пишува дека зак куполи ние гласаме. Ние гласаме за реконструкција на Собранието, поради тоа што сите сме се согласиле дека просторот во Собранието е мал, дека има потреба за поголем обем на простории и за пратеници, за службите и за сите потреби за нормално функционирање на Собранието на Република Македонија. Значи, оваа одлука ја носиме за да може подостоинствено да се работи во Собранието и подостоинствено да функционира оваа највисока институција во државата. Ако тоа е она за што гласаме и ако тоа е она за што дискутираме, тогаш почитувана колепешке јас не ви ги разбирам дискусиите, вие иска1жавте тролку трешки зборови за злосторство кон архитектурата, а овде се работи за реконструкција на зградата со внатрешно проширување на објектите. А, што се однесува до самата купола, јас тука немам намера да спорам ни за ни против, си има стручни лица кои за тоа се изјаснуваат, јас не сум, архитект, тоа не е моја специјалност и јас нема да навлегувам во тоа дали е тоа убаво или неубаво, има комисии кои за тоа ќе се произнесат. Инаку, само дозволете ми да потсетам, Собранието на

Германија, прочуениот Бундестаг ја има својата позната купола со која што над стариот објект е надградена и тоа е еден многу интересен спој во архитектурата и пример за успешен спој на старото и на модерното. Освен тоа, да ве потсетам почитувана колешке, во минатиот состав на Парламентот кога бевме заедно, истите парламентарци, имаше ситуации кога се доградуваа влезовите за да се обезбеди влез и пристап за лица со посебни потреби. Сите тоа го поддржавме, имаше мали интервенции, но беа во духот на архитектурата и усклaдени. Мислам дека сите се горедееме со тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете со вашата контра реплика госпоѓо Топузова.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке Поповска, рековте дека сте збунети и би било добро да сте само за ова збунети, тогаш не е ни толку многу голем проблем. Што се однесува до фрустрацијата тоа може да се оцени по тоа што се јавувате на секоја моја реплика и на секој мој говор и притоа не ја познавате материјата, почитувана колешке. Но, за да ви објаснам на што се должи мојот говор и зошто не купола и зошто се оди надвор од одлуката и мислењето на Законот на Управата за заштита на културното наследство, јас повторно ќе земам збор, затоа што очигледно ништо не сте разбрале, а никој не е овде за надградба на Собранието, но со почитување на мислењето. Ќе се јавам после другите за да ви обајснам уште еднаш.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Горан Петров имате збор, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам претседателе.

На почетокот би сакал да изразам еден мал протест зошто од едно вакво техничко прашање се отвара една дебата и една дискусија која што не знам до каде ќе не одведе. Јас само накратко би потсетил за што станува збор.

Согласно одлуката на Собранието се пристапки кон надградба, доградба и реконструкција на Собранието и за таа цел се формираше Комисија која што броиу 9 члена,6 од редот на пратениците и 3 надворешни членови. Еден е од Управата за заштита на културно наследство, вториот е од Асоцијацијата на архитектите и третиот е од Здружението на архитектите. Комисијата почна со работа онака како што беше претходно искажано, меѓутоа во одреден момент еден од учесниците во составот на Комсијата, тоа е Асоцијацијата на архитектите, согласно своја седница одржана на Управниот одбр на Асоцијацијата донела заклучок дека понатаму не сака да учествува во Комисијата и заради тоа донесе и на писмено неотповиклива оставка од претседателот на Асоцијацијата и истовремено и член во Комисијата. Со желба и намера стручната фела архитектите да бидат што повеќе застапени во работата на оваа комисија, денес на дневен ред имаме имена на одлуката со која што наместо Асоцијацијата која што се иззема со едниот свој член, се изменува делот во кој што Здружението на архитектите наместо 1, ќе делегира 2 члена. И, тоа е се. Денес зборуваме само за замена на еден од редот на архитектите од Асоцијацијата со друг кој ќе го делегира исто така едно здружение на архитекти и со тоа нашата работа завршува. Комисијата ќе продолжи со работа, меѓутоа се ова што сега се развива како дискусија, апсолутно е непотребно. Понатаму, ѓе следува и друга одлука во која што најименично ќе бидат наведени членовите кои ќе треба да се вклучат во работата на Комсијата. Сега засега е само ова. Јас навистина не гледам причина да трошиме од драгоценото време, посебно што веќе има некој начелен договор денес да бидеме поефикасни со работата и во тоа име ве повикувам што побргу да ги разрешиме сите дилеми и да преминеме кон гласање. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе.

Морам да излезам да го гледам колегата. Дали навистина, колега, сте толку наивен или сакате да кажувате сосема нешто друго овде. Не почитуван колега,па вие сте претседател, ја знаете добро работата. Дали се запрашавте зошто се издеде членот, претседателот на Асоцијацијата на архитектите? Па тој ви има поднесено, токму во неговото образложение стои тоа, затоа што не сакате да го почитувате она што го напишала Управата за заштита на културното наследство, затоа што не сакате да го почитувате она што го донесе истата таа Комисија, затоа што не сакате да го почитувате она врз кое што беа наградени и одбрани идејните решенија и сега, надвор од сето тоа, надвор од Законот за заштита на културното наследство, надвор од Законот за просторно планирање. Токму тоа е основата. Сакате да правите на Собранието. Тоа е она на што реагира Асоцијацијата.

Асоцијацијата не реагира, членот не се иззема и целокупната Асоцијација затоа што немаат да оделат време и да дојдат. Не. Не сакаат да бидат соучесници во едно вакво нешто. Не сакаат. Не сакаат да дозволат да не се почитуваат законите виза ви Собранието што ги носи законите од друга страна.

Јас не сум потпишана на Одлуакта да биде со рамен кров. Таа е потпишана од господинот Паско Кузман, ако нешто ви значи. Вие го ставивте директор на Управата за заштита. И немојте повеќе, почитувајте го него барем, ако не ги почитувате другите и ако не го почитувате она што некогаш најдобронамерно сака да ви укаже опозицијата.

Не е во ред ова што го правите. И за тоа е целата игра. Немате кворум. Со тоа што уште еден приајтел од Здружението, не сакав да кажувам такви работи, ќе донесете, кој е истомисленик и ќе

надгласате, како што надгласувате секаде, но ова не е проблем за надгласување. Да, се согласувам, надградба е потребна и немој некој да ги извртува моите дискусии. Ќе се почитува мислењето и она што е кажано таква надградба ќе направимекоја штонема да гонаруши автентичниот изглед.

И сега целта, оваа Одлуак е првиот чекор. Немојте да ми кажете дека оваа Одлука за менвуање ја носиме затоа што некој не можел да дојде. Па ако е смао тоа проблем, ќе работиме и без него. Не е тој изземен. Не видоаѓа претставникот на Управата. Па јас бев во таа Комисија. Изземен е пратеникот од СДС, пратеникот од ДУИ исто така не доаѓа. Пратеникот од Новата социјал демократска партија, кој размислува во оваа насока, сакате да мисли поинаку. Па, немојте ве молам и тој јасно ги искажува своите ставови.

Ако вие не знаете, има стручњаци. Посоветувајте се. Немате кворум. Сега е проблем како во таа Комисија да го обезбедите кворумот и да го изведете она што сте го намислиле. Или, како што би рекол мојот почитуван колега Трајко Вељановски-ние сме власт, што ни се допаѓа тоа ќе правиме во државата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Петров со контра реплика.

(Во салата џагор и меѓусебно дофрлување).

Тишина, ве молам за тишина.

**Горан Петров:** Благодарам претседателе.

Еве колешке и јас ќе ве гледам вас.

Можеби сум неискусен, можеби сте поискусна од мене, оставам, не ви е прв мандат.

Меѓутоа, едно е симптоматично. Многу се жестите зошто Асоцијацијата дала оставка. Дали вие им забранувате да дадат оставка? Тоа што претседателот е член на ЛДП и претсеателна Комисиј ана ЛДП, верувам дека нема никаков контекст со надградбата? Кажавте дека не доаѓа пратеникот од ЛДП, пратеникот од СДСМ. Точно е дека не доаѓаат, меѓутоа што можеме да направиме за да доаѓаат? Што треба да направиме, еве поискусна сте од мене?

Се работи за следново, Одлуката за надградба треба да се спроведе. Комисијата треба да ја направи. Ако вам таа обврска ви паѓа тешко, го почитувам вашето мислење и вашетоправо да се повлечете, се повлековте, дозволете да се заврши постапката.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Агон Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Благодарам господине претседателе.

Побарав збор уште пред да се спомне...

(Џагор во салата со меѓусебни дофрлувања и смеења)

Треба да излезам напред, бидејки очигледно дека не ме слушаат.

(Пратеникот Агрон Буџаку излегува на говорница)

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

Ве молам за тишина.

**Агрон Буџаку:** Почитуван претседателе, добро е камерата да забележи дека ова станува една комедија. Парламентот е претворен во комедија. До колку има некој некоја досетка, не знам дали камерата, ако има некоја досетка, да ја слушнам јас да се насмејам.

**Љубиша Георгиевски:** Камерата е веќе насочена.

**Агрон Буџаку:** Доколку има, реков. Но и ова прашање ми се чини како комедија. Ми го спомнаа дури и името, но и пред тоа, почитуваната колешка Топузова Каревска, и пред неа сакав да земам збор, демек јас сум член на оваа Комисија.

И оваа Комисија, како што кажа почитуваниот колега, што прават тие, затоа што ние не доаѓаме. Јас бев присутен на една седница и видов како се работи на таа Комисија и како е одлучено да се заврши сета оваа работа.

Оваа работа,одлучено е, така како што се одлучени и многу други нешта,како што го цитираше, јас не го слушнав тоа,но верувам, а може и повторно да го каже господинот Вељановски - ние сме на власт и правиме што сакаме. Јас тоа не го слушнав, но може повторно да го каже господинот Вељановски, мислам ја има таа арогантност да гокаже повторно тоа.

Оваа Комисија беше таква, не господинот Вељановски, не беше таму, беше секретарот на Парламентот господинот Денковски, кој како забелешка на таа единствена седница на која што јас учествував, во однос на забелешките на еден архитект заборавив како се вика, тој рече дека - ние сме одлучиле да го направиме ова со вас или без вас и оваа работа ќе се заврши како што ние посакуваме. Оваа работа за мене беше сосема јасна дека секое учество на оваа Комисија е само губење време и губење нерви, со оглед на тоа што доста нешта се случуваа овде.

Но, овде задолжително мора да учествуваат затоа што не избраа граѓаните и може непосредно, преку телевизиските екрани да го следат сето ова. Така што ефектот од оваа седница е присутен. Додека на Комисиајта, каде никој не следи што се случува на таа Комисија, бидјеки ВМРО-ДПМНЕ одлучила да го реконструира Парламентот, мислам дека имаат цел, освен куполите, можеби сакаат да стават и лавови. Над куполите. Можеби да стават во влезовите.

Со оглед на тоа што е такво начинот на постапување на ВМРО-ДПМНЕ, така ќе продлжат да работат. Но, јас сакам да искажам дека работата не е само на една политичка партија,која кога е на власт, и ако има 39 пратеници од вкупно 120 и ако има 300 илјади гласачи од 1.700.000 гласачи, одлучува нешто што не може да го менува стилот од 1998-2002 дека “ние сме власт” и на разни начини сега, модернизирани начини, со пропаганда и популизам мислат дека можат да владеат во 21 век со една држава која, иако има свои недостатоци и недоследности, но повторно

граѓаните имаат политичка зрелост да сфатат и разберат каде води овој вид на владеење.

Ова го разба и самата Европска заедница, го има сфатено сето ова и НАТО, па затоа доаѓаат ваквите извештаи. Но, по се изгледа ВМРО-ДПМНЕ или не сака ние да пристапиме во Европската униај и НАТО структурите или знае како што таа постапува. Но, поголемата штета е во насока на тоа дека овде се работи и за една архитектура и со објекти од големо значење за самата држава.

Јас не говорам само за еден момент каде може да се догради или за немање вкус или тотален кич, како што е пред Владата да се стават оние статуи пред 2000 години, додека пак Владата има форма што архитектонски не одговараат, а почитуваната Поповска го спомна тоа. Но, Бундестагот, Лувр и архитектите на Лувр кои направиле пирамида,не можат да се споредуваат со овдешните архитекти и со идеата, со таков вид на естетски вкус не може пред една Влада, како што е нашата Влада, наследено од времето на комунизмот да се ставаат тие статуи од античко време.

Или, ве молам да не го злоупотребите, говорам за естетиката. Можете да го злоупотребите, не се секирам многу, но проблемот дека еден аеродром кој личи на еден кокошарник за кокошки...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да се држите до темата, на таа Комисија само еднаш сте биле , по ваше признавање. Ве молам, држете се на темата.

**Агрон Буџаку:** Господине Ѓорѓиевски, вчера ни кажуваа прикаски за цело време многу пратеници, но вие немавте храброст и доблест, бидејки се плашите, по се изгледа, да им укажете на тие говорници. Јас говорам за архитектурата, за капитални објекти и говорам за државните интереси на нашата заедничка држава и со ова дека овде, во оваа Комисија сакате да наметнете мнозинство, мнозинско мислење, да го игнорирате мултиетничкиот концепт на државата, и за сето ова, ќе викажам дека и од естетски аспект, така како што се прават постапките, не треба да се дозволат. Затоа што соиемто “Александар Велики”, го навредувате Александар Велики и ја навредувате оваа личност.

Ние почнавме кога јас бев во Валдата,ја почнавме процедурата и постапката на модернизирање на овој Аеродром. Но, оваа Влада, како што е нејзиниот менталитет, се што се случило порано, тоа е диктаторски менталитет, се што направиле другите претходно не важи, историјата почнува со нас, се враќа со нас и ние Парламентот ќе го направиме како што неи скаме. Да им го оставиме наидните генерации, еден Парламент, јас сум убеден, да го направите со куполи, ќе ставите и лавови горе, на ВМРО и во влезот ќе има лавови сигурно. За ова се говори госпдојне Ѓорѓиевски.

Ова треба да биде ајсно. Вашиот партнер треба да реагира, бидејки овде не се работи за закон што може да се менува. Туку, се работи за една Одлука што значи трошење средства, реконструкција и менување на изгледот, како што се случи со Камениот Мост. Камениот Мост веќе нема идентитет. Значи, сега, не да го одземеме идентитетот на Камениот Мост, туку овде се работи да формираме еден идентитет на Парламентот, кој ќе биде идентитет на ВМРО-ДПМНЕ. Но, ВМРО има 39 пратеници и 300 илјади гласачи. Не може ВМРО да наметне свој идентитет во Парламентот и самата држава.

За ова имате сосема право. Јас реков дека бев еднаш и веќе нема да дојдам на таа Комисија, бидејки вашиот секретар рече дека нашите, ние одлучивме да го направиме ова и ќе го направиме со вас или без вас. Не знам дали имате стенограми од таа Комисија, но ова ќе гонаправиме, така рече. Ова е исчекор во таа насока. Значи, ќе гонаправите тоа што сте го замислиле. Но, ви најавувам дека е штетно сето ова и за самите граѓани и за секоја друга етничка заедница,но и за Албанците, Турците, другите. Целиот ваш концепт. Јас не знам што сакате да направите? Дали Аја Софија, дали лавови, значи Парламентот е Парламент на една секуларна држава и не треба да има никакви ниту верски ниту партиски елементи.

Уште еднаш ќе ви кажам оваа држава не е на ВМРО, и на другите. Таа е држава на сите граѓани и сега треба да се соочите и со нас и со сите граѓани на Република Македонија кои на овој начин не можете да го менувате идентитетот на државата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има реплика Дамески Панче, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам господине претседателе.

Би му реплицирал на колегата Буџаку во еден елемент, бидјеки во неговото излагање изнесе сосема погрешни тези.

По него за се е крив ВМРО-ДПМНЕ и би му порачал дека оваа држава не е држава и на ДУИ, како што вие рековте не е на ВМРО-ДПМНЕ. Ова е држава на граѓаните на Република Македонија.

Би ве запрашал господине Буџаку, кој го реконструираше Камениот Мост? Дали за Камениот Мост е крвив ВМРО-ДПМНЕ ? Да ве потсетам, ако имате послабо памтење, рекострукцијата на Камениот Мост беше извршена од тогашниот градоначалник на град Скопеј господинот Ристо Пенов, тогашен претсдател на ЛСП. Зареми за тоа е крив ВМРО-ДПМНЕ?

Затоа ве молам, би ве замолил, по некогаш да не ја злоупотребувате собраниската говорница и да изнесувате вистини и точни податоци, какви што се и какви што заслужуваат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Агрон Буџаку контра реплика, повелете.

**Агрон Буџаку:** Почитуван колега јас не бев овде. Не знам кој го направил мостот. Го реков тоа што е факт. Дека мостот го има изгубено својот идентитет и дека нема никаов идентитет,ниту византиски. Можеби некој ќе рече.

Затоа, јас не сум ниту портпарол, ниту заштитник на оној кој го направил тоа. Го дадов примерот кога во едно време се прави чекор да се изгуби идентитетот на Камениот Мост а другито чекор е да му се даде друг идентитет на Парламентот и државата. На ниту едне начин не реков во чие име говори ВМРО-ДПМНЕ со 39 пратеници, и на ниту еден начин не реков дека оваа држава е на ДУИ. Туку, оваа држава е на сите граѓани на Република Македонија и на оние, нормално кои гласаа и за ДУИ и кои гласаа секако и за ВМРО-ДПМНЕ, а вие сте 300 илјади. Не може да сенаметне диктатура на едно релативно мнозинство во една држава.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Азис Положани има збор.

(Пратеникот Лилјана Поповска се јавува и бара збор за реплика)

**Љубиша Георгиевски:** Молам, за реплика на говорот на господинот Агрон Буџаку?

Повелете, за реплика, имате право.

**Агрон Буџаку:** Процедурално, ако сега давате реплика тогаш секогаш ќе давате репликапосле истекот на говорот.

**Љубиша Георгиевски:** Добро,повлечено е, готово.

Повелете господине Азис Положани.

Деловнички тоа не е утврдено. Може да бара.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Не е проблем, ќе има реплики.

**Љубиша Георгиевски:** Еве, господин Положани ќе даде шанса за реплики.

Ви благодарам господине Положани, повелете.

**Азис Положани:** Навистина немав намера да дискутирам, затоа што ценев дека е ова една работа што, имајќи ја предвид тежината на претставничкиот дом и на тоа дека во овој дом, што се однесува до него, пратениците и неговите одлуки, сите претендираат и нормално би било посакувано сите работи да се направат со некој консензус.

Затоа не очекував дека оваа работа ќе ја дотераме до тој начин, или ќе се изменаџира на тој начин, сега навистина да имаме различни мислења по однос на вистинската потреба на пратениците и на самото Собрание за повеќе простор, а да се наметне еден таков пристап, кој што мислам дека ја извитоперува и идејата за што ние сите се согласивме, да имаме проширување на просториите, надградба и тн., на овој дом и да го свртиме вниманието кон една сосема по мене терцијална по негово очигледно, примерна работа, за сега да наметнуваме разни идеи, размислувања и пораки преку архитектонските решенија кои што сега за жал, за мое размислување и за среќа, дека се коси и со стручното мислење. Сега, било тоа да е член на Комисијата кој што таму не е претставен како стружно лице, туку како пратеник, како сите други пратеници, било тука како пратеници за гласање на одлуката, ние се соочуваме со идеја и со писмата кои што ги добиваме од една страна од стружните лица, кои што имаат стручност и обврска, препораките да ги даваат на телото кое што е за тоа надлежно да одлучува врз стручни претпоставки и анализи и идејата и желбата на тие што не се стручни, на тие што не се повикани за таа работа, туку што имаат една политичка желба, преку таквото решение да испраќаат одредена порака. И тука настанува проблемот, затоа што господине претседателе на Собранието, јас ќе ви кажам дека на една емисија на телевизија вие кога се отвори дебата за оваа работа рековте вака. Ако грешам, јас се извинувам. Рековте кратко и многу јасно. Ние со ова решение сакаме да оставиме наш белег, што по мене априори, не претпоставува веднаш лошо кажан збор, или нешто не прифатливо. Но се работи за тоа кој е тој белег кој што треба со ова решение кое се наметнува од политички аспект да се наметне на Собранието и да остане како ваш белег. Дали тоа што некои пратеници го кажаа да има партиски белег, верски белег, ексклузивно верски белег или екслузивно еднопартиски белег, цивилизациски белег, демократски белег, белег на демократијата, со што јас сигурно би се согласил ако тоа сте го размислувале, или пак нешто друго ако остана нејасно. Од таа гледна точка, мора да се отвори дебата, затоа што утре кога тоа ќе се реализира, додека не се реализира, додека тоа е во макети уште е предмет на размислување на ниво на стручни тела и евентуално за тоа што ние тука зборуваме. Но, кога тоа ќе се гради, потоа ќе се соочиме со некои работи и со некои реакции, кои што сигурно, ако има, или ако намерата е да се испрати таков белег, или нејасен белег од овој момент, ќе имаме и реакции.

Јас само сакам да ве потсетам, дека кога пушти во употреба оваа сала и кога се отворија орнаментите тука и мозаиците во салата, знаете вие или тие што беа во Парламентот тогаш имаше реакции, по основ на некои обележја кои што тука се покажани и кои што за некои имаат на некој начин едно верска или едно димензионална порака во однос на соддржината и на културата на Македонија, со што јас мо жам и да не се согласам, затоа што и секој верски белег, кој што има верска основа, а има универзална порака, од било која вера да доаѓа, за мене е прифатливо. Но, не секогаш граѓаните се спремни таа работа на овој дом на народот, на граѓаните да го сфаќаат на овој начин и немојте да очекувате стручни и така високо стручни мислења од секого во овој момент. Мора да пристапиме на начин на кој што тоа ќе биде од сите на некој начин благо пријатно прифатен и да се идентификуваат со самиот дом. Не мислам дека оваа зграда е нешто посебно е одлика на некое архитектонско здање, кое што има некоја порака во однос на некои идеологии и тн. Но, очигледна е тенденцијата тоа што може да се извлече сега дека сме во еден момент, каде што очигледно некој сака да наметне тенденција на провокатистички размислувања и секуларизмот. Очиглдно, тука е дебатата, тука е дилемата. Дали ние сакаме со

такви белези без разлика какви пораки испраќале, тие ќе бидат во насока на секуларизмот, или секуларистичкиот пристап и содржина на тоа што е државно, почитувајќи го сето друго и со тоа веќе сме под притисок на технократски размислувања и тенденции кои што не само по овој основ и не само по ова решение сега в еќе се наметнуваат, за кои што очигледно треба да отвориме дебата. Јас сум спремен да ви кажам искрено и за таа дебата, но не сум спремен да прифаќам решенија кои што се на некој начин под плаштод на некоја желба, политичка желба или моќ која во моментот се отсликува и се наметна нешто, за кои што после ќе имаме проблем да се образложува, дури може да има и такви веројатно, тенденции ако се донесе одлуката на начин како што е започнато сега само со едно мнозинство, а се работи за претставнички дом, каде што очигледно да се имаат во предвид повеќе размислувања, ние ќе дојдеме во состојба на некој после да му текне да го смени и тоа. И што направивме после? Дали е тоа добро решение? Мислам дека за жалење е фактот што не успеавме да вградиме консензус по ова прашање, за што сите сме веројатно помалку можеби виновни, но повеќе се тие кои што сакаат секогаш да наметнуваат тоа што според нив е решение кое што треба да се донесе.

И друга работа, јас сакам од аспект на ваш претставник на меѓународни институции да укажам и на една друга работа. Значи, ние сме потписници и обврзани сме да ги почитуваме меѓународните препораки и документи кои се однесуваат на културното наследство. Кои што имаат одредени стандарди и принципи во начинот на реконсрукција и на таквите згради. Кај Конвенцијата за културно наследство и други конвенции кои што се поврзани со ова, а се работи за стари градови и изданија и објекти, исто така ние сме обврзани тие да ги почитуваме и во состојба не поради тоа јас што мислам, во состојба кога стручно, дело како што е Заводот за заштита на културни споменици или Дирекцијата во Министерството има сега сосема спротивно мислење, ние донесуваме политички мотивирано, ние ќе дојдеме во состојба да кажуваме дека навистина, не почитуваме и стручно мислење по однос на некои конвенции на кои што ние сме потписници. Тоа нас пратениците не става во дополнителни дилеми во однос на начинот како да гласаме.

Од таа гледна точка, јас уште еднаш ќе ка жам дека жалам што се наметна таков стил на работа и такво менанџирање на овој проболем, кои што очигледно доведе до состојба да не сме едногласни за вистинската потреба за надградба на Парламентот, на просториите на Парламентот за потребата на пратениците како едно консенсуално или како општо призната потреба и наметнувањето со решенија кои што на некој начин сакаат да наметнат нешто кое што е спротивно на традицијата или на тоа што на некој начин е и основа на демократијата и секуларистичкиот пристап во овој домен, каде што очигледно, некој низ мала врата сака да наметне некои работи, за кои што граѓаните сигурно ќе имаат реакции. Јас овој говор сакам да го искажам, поради фактот што да не дојде во состојба утре кога некои решенија вие сепак, ќе ги наметнете и некој да се повикува на тоа, дека никој не реагирал, никој ништо не кажал или дека тоа поминало без реакции. Реакции има, несогласности има, ние на тоа се спротивставуваме е преку вакви говори и очекуваме едно разбирање, ако треба и една мала консултација, навистина да се почитува стручното мислење, кое што е за сновано врз многу елементи кои што и јас ги спомнав и да се изнајде решение кое што ќе ја задоволи потребата за повеќе простор за Парламентот, но од друга страна да не отвори непотребни дебати, дилеми и пораки кои што не се добри ниту за нас, ниту за општеството. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Со ваша дозвола госпоѓа Поповска јас ќе реплицирам.

Почитувани пратеници,

Како што е општо познато, ретко земам збор, но овој пат морам да земам збор, затоа што сакам да земам збор заради говорот на мојот почитуван господин Положани, кој го ценам како говор. Говорот беше умерен, говорот беше модериран и временски и такви говори како претседател, односно како претседавач многу ги почитувам. Меѓутоа, една заблуда имам, многу сум убеден дека е тоа заблуда на господинот Положани. Не сакам да верувам дека е тоа негов политички став. Како што е познато дека оваа зграда е изградена од еден режим кој одамна отиде на буништето на историјата, а тоа е Краљевина Југославија, за да биде центар и симбол, за што секоја архитектура е симбол, има порака на Вардарска бановина, односно симбол на онаа Југославија која еднаш беше наречена зандана на народите. Во таа смисла, кога јас го давав тоа интервју, сосема е точно дека реков да дадеме наш белег. Но очекувам да знаете и вие сигурно знаете дека исклизнало од свеста во тој момент дека кога еден претседател на Собранието на Република Македонија рече наш белег, сигурно мисли на Република Македонија. Н е може да мисли на ништо друго. Затоа што јас во тоа интервју не само што настапив како претседател на Собранието, а не како функционер на ВМРО ДПМНЕ, впрочем и не сум таков, туку се трудев мој план на интервјуто беше да настапам што понезависно од ВМРО ДПМНЕ, што ќе признаете дека е рационално.

Во однос на продолженава дискусија, сакам веднаш да потсетам дека денес говориме за утврдување на потребата на постапката за изведување на реконструкција, доградба и надградба на зградата на Собранието на Република Македонија. Значи, не на други згради, не на други објекти, на ова Собрание и јас сметам скромно, кога госпоѓа Роза Топузова Каревска рече, сигурна сум дека во ова Собрание нема

пратеник кој нема да се согласи со потребата од надградбата, што е многу точно, дека тука со тоа се исцрпува недискусијата за надградбата, дискусијата по овој дневен ред, за што ние ќе имаме уште најмалку 3 или 5 дискусии за надградбата како целина, како процес и тн. Се ќе оди преку Собранието. Денес, кога ние сме во стиска и се договараме побрзо да одиме и тн., кога не знаеме како ќе го донесеме Буџетот, мислам дека само треба да ја утврдиме ова. Има ли потреба, или нема потреба. Тоа треба да се изгласа, што е еднаш, впрочем и изгласано. Тука се работи за една измена. Јас ви гарантирам дека новите членови ако даде Господ ќе бидат толку беспрекорни, што ќе бидат конселзуално овде прифатени, велам безпрекорни како експерти. Така што, се разбира, го почитувам ставот на господинот Положани дека за таков еден зафат треба широка согласност и ние ќе ја бараме таа широка согласност на секој начин. Меѓутоа, сега е ова само еден чекор. Ништо со ова битно не се решава. Со ова се овозможува процедурата. Да почне процедурата. Инаку, какво ќе биде, што мислите, ние нема да го дискутираме овде планот како макета? Без овде да стои макета, може ли да се гради нешто во ова Собрание? Тоа е апсурдно. Затоа ве молам, да се оградиме.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** По однос на првиот дел претседателе, мислам дека не е случај да сум изумил, или не размислувам јасно по однос на пораката. Јас реков во мојот говор дека не сум од тие што мислат дека ова здање, оваа зграда по секоја цена треба да претставува нешто што по секоја цена треба да биде таква. Јас тоа го реков во мојот говор. Ако вие не сте го запазиле, тоа е друг проблем, поради истите причини што вие ги рековте. А другото, јас мислам дека со нашата дебата успеавме да отвориме дијалог за начинот и постапката како да се дојде до правото решение. Зашто кога тоа ќе биде и како ќе биде, дали три куполи, дали пет, дали една, дали без куполи, мислам дека секоја треба да има и стручно образложение. А што се однесува во однос н а решенијата и процедурата кои што вие ги рековте, ние мислиме дека треба да се вклучат и други стручни мислења, кои што навистина ќе го создадат и тој консензус многу потребен за коегзистентно и вистинско почитување на тоа за што ќе се одлучува и тоа што сите ќе го гледаат утре. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Поповска повелете, процедурално.

**Андреј Жерновски:** Господине претседателе, одсекогаш сум сметал дека претседателот на Парламентот треба да даде пример како се почитува Деловникот. Еве барав додека вие зборувавте во Деловникот и не видов никаде во ниеден член дека кога реплицира претседателот на Парламентот, не му се мери времето. Па може ли да ми одговорите зошто не ви се мереше времето, да знам за друг пат, да не правам такви упади во дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** За тоа ако не ми се мерело времето, тоа е грешка, признавам. Но тука е недоразбирање, еве секретарот ми вели дека сфатил дека сум се јавил за говор. Јас се јавив за реплика. Добро, тоа е тоа. Но добро, јас велам дека тоа е грешка и готово. Не се дискутира. Како вие што велите ги загубувте изборите и сте апсолвирани. Нема проблем. Исто така и јас барам да бидам апсолвиран. Признавам грешка.

Повелете госпоѓо Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Господине претседателе, почитувани колеги.

Сакам да дадам еден конструктивен прилог на консруктивната дискусија на господинот Азис Положани. Мислам дека многу рационално ги елаборираше сите можни пораки, што би можеле евентуално некои да ги сфатат и главно постави две прашања, односно проблематизира две прашања.

Едното е дали куполата, ако биде купола во крајното решение, бидејќи веќе одиме во некакви предлог решенија, кои што се дискутираа во јавноста. Значи, дали куполата, доколку остане како решение ќе означува, ќе биде некаков знак или белег на христијанството. Јас би сакала само да ве потсетам колеги, она што сите го знаеме дека и црква и џамија и двете имаат купола. Така што, освен што куполата, не само што ги поврзува двете религии, куполата е дел од полутопката, така што тоа е едно геометриско тело и од таа гледна точка јас навистина оставам на архитектите како ќе речат. На врвот би ставиле коцка, конус, пирамида, или купола, тоа е работа на естетика и на стручна определба. Јас навистина во тоа не би навлгувала и мислам дека би требало да имаме таков приод сите.

Инаку, јас сум сигурна дека никој немал намера куполата да симболизира една религија. Од друга страна, друго прашање кое што го постави, односно го проблематизира господинот Положани, тоа е дали ние со некакви белези на реновираната зграда ќе инсистираме на секуларизам, или на теократија во државата. Јас сум поборник на секуларизмот секогаш, со длабока почит кон религиозните чувства. Впрочем, и јас имам религиозни чувства. Меѓу тоа, сметам дека како држава треба да останеме секуларна држава и тоа да биде и дел од нашите обележја и од нашите симболи.

Јас во ниеден момент, се до оваа расправа денес, на која што неколку дискусии слушнавме во таа насока, верувајте во ниеден момент не посмислив дека реновираната зграда со купола, или без неа ќе има било каков белег на некоја религија. Но бидејќи се поставија тие прашања, за тоа само сакав да потсетам дека дури и некој на тоа да помисли, секогаш може да има одговор дека како и да е, таа би била симбол на различни религии и на различни култури.

Јас би сакала да завршам со тоа дека навистина, не гледам реална основа за страв, или за недоверба кон стручните лица. Да видиме што ќе направат, да ги избереме членовите, па со Господ

напред ќе дискутираме за крајното решение. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Роза Топузова Каровска, повелете.

Имате збор или реплика? (Збор)

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Најмалку сакав да говорам по втор пат, но кога не ме разбрале одредени колеги, бидејќи имам само една минута за контра реплика, мојата дискусија на насочија во сосема друга насока. Од друга страна од неколку колеги од парламентарното мнозинство оние што се во коалицијата кажаа дека ќе се почитува мислењето на стручната јавност и архитектите. Па, ова е мислењето најкомпетентно за почитување. Ве молам, од ова мислење да се направи копија и да биде доставена до сите пратеници. Во мислењето стои, почитуваната колешка Поповска вели, надградба на објектот да биде со рамен кров. Потпис директор на Управата за заштита на културното наследство Паско Кузман. Ова не го кажав јас. Ова го вели директорот на Управата за заштита на културното наследство назначен од оваа Влада, а не од некоја друга Влада. Се иззема членот. Не е само тој член на асоцијацијата, тоа добро го знае и почитуваниот претседател на Комисијата. Се иззема цела асоцијација. Не е никаков проблем ако се изземе еден член од асоцијацијата, не сака, поинаку размислува, не се сложува со тоа што не се почитува законот, но се иззема цела асоцијација на архитекти. Процедурата, не сте членови сите на Комисијата. Беше истерана според мислењето на оваа Управа истата. И се одлучи, се избра идејно решение кое што нема куполи. Се избра, тоа идејно решение доби награда, затоа што не само да биде со рамен кров. Овде се вели: надградбата со својот габарит да биде повлечена кон внатрешноста на објектот и тоа на фасадата 11 Октомври 6 метри, останатите фасади 3 метри. Ова го рекла Управата за заштита на културното наследство. Тоа дали било во некој режим подигната, апсолутно тоа е проблем на историчарите и тој режим е оценет веќе во Република Македонија со кој што е оценет и кој го подржува. Но, тоа е големината на заштита на културното наследство. Луѓето се минорни, режимите се минорни во однос на културното наследство. И многу други зданија во светската архитектура се подигнати од некој кој што бил освојувач на одредени простори, но не ги срушиле. До каде да се враќам сега? Дали треба да се враќам од праисторија, или од антиката, големите освојувачки походи, за онаму каде што поминал Александар Македонски, се она што подигнал, цели градови посветени го носат неговото име, сега треба да се срушат затоа што некој го чувствувал како освојувач? Па далеку од тоа. Тоа е проблемот. Ние сега не сакаме, затоа што сега се распишува втората постапка е. Имаме записници од Комисијата. Сега треба да ви ги читам и записниците? Па не сакам да одземам време, каде што веднаш после не се почитува ова што претходно сме го правеле и сега се вели: добро, ова е наградено дело, но ние нема да го почитуваме тоа што е наградено, што ја доби втората награда, прва не е доделена, ние ќе правиме Собрание со куполи. Тоа го говорам дека не се почитуваат институциите на државата. Управата за заштита на културното наследство е институција. Па вие почитувани колеги го изгласавте Законот за културно наследство. Овој пат јас имав забелешки на него. Имав забелешки, вие со силата на мнозинството и нормално тоа е легитимно, го изгласавте законот. Вие ги прифативте конвенциите. Тој закон вели дека не може така. И целта на законот и Управата знаете што е? Да го штити културното наследство меѓу другото не само од забот на времето, целта е и да го штити културното наследство од политички влијанија. Не смееме да дозволиме културното наследство да биде подложно на политички влијанија. Па каде ќе одиме? Па ние сме земја со извонредно многу големо културно богатство, една од најзначајните во светски размери. Сега ако не го почитуваме. Јас не велам дека таа е некоја велелепна зграда и дека треба да остане така, или од кој режим припаѓала. Јас велам дека имаме мислење од Заводот. Јас лично можеби мислам дека комплетно фасадите треба да се преуредат. Меѓутоа, јас како член на Комисијата не смеам ни да го кажам тоа, ако Управата рекла: не смеат, ако рекла Управата треба да се следи ритамот. Јас лично можеби мислам дека не треба, како што пишува овде, столаријата во објектот да биде дрвена. Зошто дрвена, имаме други материјали, ама тоа Управата го рекла, не сум го рекла јас. И како сега мене сакате да ми импутирате некои работи кои што не се мои. Тоа се работи кои што се кажани од стручњаци, од еснафот. Асоцијацијата на архитекти не си иззема член, ако си изземат член ајде, не може, поинаку мисли, сака да се изземе. Се иззема цела асоцијација на архитекти. Па сите не се од СДСМ и ВМРО или ЛДП членови, таму има и од едните и од другите, има и независни луѓе кои не се во политиката и сите до еден така мислат. Така мисли Паско Кузман, Управата, експертите, така мисли Министерството за култура. Па ваши институции се. Па вие го биравте министреот за култура, вие го гласавте законот за културно наследство. И сега сето тоа не треба да се почитува? А за улогата и значењето на куполата, да не одземам време, многу можеме да говориме. И што тоа ќе значи јас реков на целокупниот овој амбиент што го имаме околу малиот ринг кој што исто така е заштитен со Деталниот урбанистички план и со Законот за просторно и урбанистичко планирање што е во корелација со Деталниот урбанистички план. Тоа беше мојата мисла. Ќе го измениме ли целиот мал ринг? Обжален е, поготово во моментот е обжален, меѓу другото обжаленоста се должи и на ова што се сака да се прават вакви надградби над Собранието и над останатите објекти. Претседателот има право, сега тие не се тема. Зошто ова е важно? Се бара измена на член за да може да се донесе оваа

одлука, а после почитуван претседателе кога таа Комисија ќе одлучи затоа што веќе така е распишано, проектната програма така се бара да има куполи. После ние можеме сите да се собереме 120 пратеници овде и да ја гледаме макетата. Таа најмалку ќе значи, тоа ќе биде готова работа. Тогаш веќе ќе биде касно. Не знам што е толку смешно кога се говори за нешто што треба да го оставиме за идните генерации, за нешто што ќе биде дел од нашето култуно наследство и да се потсмеваме на нешто што апсолутно нема простор за смеење. Точно, треба надградба, давам подршка, но онака како што мислат архитектите, експерите и Управата за заштита на културно наследство.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците кои што се во Собранието, но не се во салата, да влезат во салат, затоа што не очекува гласање.

Ги повикувам службите да се подготват за достава на точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, гласале 53, за гласале 47, воздржани нема, против 6.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на потребата и постапката за изведување на реконструкција, доградба и надградба на зградата на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката и исправката ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број пратеници гласале 57, за гласале 56, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за ...

Процедурално повелете, госпоѓо Грковска.

**Славица Грковска:** Претседателе, согласно Деловникот вие сте обврзан да го соопштите точниот број на пратеници кои што се во салата пред моментот на гласање. Аргументот, доволен број на пратеници присутни во салата, не е доволен за да можеме да констатираме дали Одлуката е донесена, или не. Уште повеќе заради тоа што имајќи ги во предвид резултатите од гласањето не се присутни 61 пратеник во салата. Затоа ве молам да го утврдите точниот број на присутни пратеници во салата.

**Љубиша Георгиевски:** Вие сте во право.

Значи, ќе гласаме повторно, бидејќи гласањето со право е оспорено.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 77 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 62, воздржани 3, против 3.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви е доставен.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија Собранието избира потпретседател на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници на Собранието.

Отворам претрес по предлогот ...

Процедурално госпоѓа Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе,

Согласно членот 4 став 2 од собранискиот Деловник кој што овозможува Собранието со тајно гласање да може да одлучува за избор и именувања на носители на јавни и други функции по предлог на претседателот на Собранието, или на еден пратеник чие барање го подржуваат десет пратеници, барам пред почетокот на расправата по оваа точка да обезбедите можност за извршување на тајно гласање за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија, имајќи ги во предвид аномалиите со кои што досега се соочувавме при избор на различни функционери и при гласање за интерпелација на неколку министри, имајќи во предвид дека системот на неколку пати затаи и од тој аспект имаше забелешки и од координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, од претседателот на НСДП господинот Тито Петковски, од координаторот на пратеничката група на СДСМ господинот Јани Макрадули. Барам поддршка од 10 пратеници оваа одлука да ја ставите на усвојување за да може во текот на расправата да се направат сите подготовки за ваков чин. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли поддршка од 10 пратеници. (Има)

Предлогот на госпоѓа Грковска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во член 4 пишува: Собранието може, може, не е облигаторен. Собранието со тајно гласање може да одлучува само за избор, именување, или разрешување. Значи, може, а не одлучува. Значи, секаде каде што имаме подршка од 10 пратеници автоматски се гласа.

Според тоа, ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, за гласале 17, воздржани нема, против гласале 47 пратеници.

Според тоа констатирам дека тајното гласање е отфрлено.

Отворам претрес по предлогот Благој Зашов да биде избран за потпретседател на Собранието.

Молам кој бара збор.

Процедурално има господинот Горан Мисовски.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Од името на пратеничката група на НСДП барам половина час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Ако е половина час пауза, тогаш паузата ќе навлезе во оној прекин традиционален за ручек.

Значи, продолжуваме во 15.00 часот.

(Пауза од 13,32 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,08 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се во Собранието да повелат да влезат во салата, продолжуваме со седницата.

Уште еданш ги повикувам пратениците кои се во Собранието, а не се во салата, да повелат да влезат и да си ги заземат своите места во салата.

(Минуваат минути на чекање).

Ги повикувам пратениците кои се во Собранието, а сеуште не се влезени во салата да повелат да влезат во салата затоа што треба да продолжиме со седницата.

Ги молам службите да доставaт точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Продолжуваме со попладневниот дел од седницата.

**Точка 6 - Предлог за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија.**

Има пријавено тројца за процедурално. Прв е господинот Рафис Алити, втор Горан Мисовски и трета госпоѓа Силвана Бонева.

На почетокот имаме три процедурални интервенции.

Повелете господине Алити имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам за зборот.

Навистина неколку пати како парламентарна група дадовме забелешки во оваа насока, велам сме дале наши забелешки, но никако тие кои се повикани да го почитуваат времето на отпочнување на пленарните седници да ги почитуваат термините ако се рече во 15,00 часот коректно е најмалку вие како мнозинство да бидете во 15,00 часот присутни. Ние чекаме 20 или 20 и неколку минути за да имаме кворум и да почнеме со работа.

Мислам дека ваквото чекање е непотребно. Ова го велам од причина што имаше присутни пратеници и до сега во салата, а имајќи го предвид ова вие како претседавач или како претседател на Собранието треба на време да ги отворите седниците, бидејќи ние како пратеници од опозицијата се ставаме во неповолна позиција. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ја прифаќам вашата забелешка, но овој пат навистина беше ситуацијата таква што јас имав протоколарна посета не можев да ја напуштам, го замолив господинот Догани да ме замени, но господинот Догани е доста индиспониран, би рекол не се чувствува добро и тука изгубивме 10 минути по наша вина, но во секој случај тргнавме.

Другите процедурални ги нема, а за збор е пријавен господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, би сакал да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по однос на предлогот што го имаме денеска за избор на потпретседател односно заменик претседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогот е нашиот колега пратеник Благој Зашов. Сметаме дека се работи за човек кој ги исполнува овие услови заради тоа што се работи за човек со искуство, дипломат од кариера, човек кој од 1973 година работи во дипломатијата, поранешен амбасадор, наш колега пратеник, еден од оние кој најдостоинствено не претставува во Советот на Европа заедно со Оливер Шамбевски и Андреј Жерновски кои се наша делегација во Советот на Европа, човек кој се истакна во изминатиот период во битката за презентација на Македонскиот Парламент и навистина во интересен период што доаѓа кој е многу интересен и пред се интензивен за нашето зачленување во НАТО виза ви односите и проблемите што ги имаме со Грција по однос на проблемот со името.

Сметаме дека е човек кој од оваа позиција на потпретседател на Собранието ќе може адекватно да ги застапува интересите на Република Македонија.

Во исто време сметаме дека секогаш кога нема да е во можност претседателот на Собранието ќе е достојна замена, човек кој ќе може успешно да менаџира во Парламентот.

Уште повеќе, на овој Парламент повеќе од се му треба ефикасност, лидерските средби тоа веќе го

прават, но му треба дневна ефикасност за дневното работење и сметаме дека со господинот Благој Зашов ефикасноста ќе е далеку подобрена заради тоа што тоа го очекуваат граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има реплики? (Нема).

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам

Добро, за разлика од егзалтираноста на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ од кариерата и од личноста на господинот Зашов која беше туку што образложена, јас имам малку поинакво мислење.

Имено, претседателе, јас по втор пат сакам да истакнам во Парламентот дека неколку структури на власта предводени од ВМРО-ДПМНЕ прават сериозна опструкција на демократијата во Република Македонија.

Сакам да поставам неколку прашања.

Имено, во Европа не постои Парламент во кој опозицијата нема свој потпретседател. Јас се обидов во повеќе посети и во повеќе средби со амбасадори да го поставам тоа прашање ниту еднаш не добив одговор дека во Европа има парламент без опозицијата да има потпретседател. Не исклучувам за Белорусија, со нив не сум се слушнал.

Имено, покрај тоа што Македонскиот Парламент сега се соочува со ситуација во која опозицијата не одбива потпретседателско место, а парламентарното мнозинство го надгласува тоа, тоа може да прозвучи и како елементарно газење на демократските принципи.

Затоа сакам да поставам три прашања до три личности.

Имено прашањата се однесуваат, господине претседател, до вас како претседател на Македонскиот Парламент. Истото прашање го поставувам до господинот Никола Груевски како претседател на ВМРО-ДПМНЕ, истото прашање го поставувам и до заменик координаторот господинот Трајко Вељаноски, како замени, но овој пат во својство на човек кој го потпишал Предлогот за потпретседател.

Сакам да го поставам прашањето дали овие три личности можат да набројат барем една од 27-те членки на Европската унија и трите кандидатки за членство меѓу кои спаѓаме и ние, освен Македонија, во која опозицијата нема потпретседател на Парламентот.

Истото прашање го поставувам на тројцата луѓе и за земјите членки или кандидати за членство во НАТО. Кој од 26-те земји членки на НАТО и трите земји кандидати за членки на Самитот во април имаат парламент во кој опозицијата нема свој потпретседател.

Конечно, третото прашање исто така до Георгиевски, Груевски и Вељаноски, врз основа на кој критериум Парламентот каде што не важи правилото како за избор на Влада 51% значи 100% извршна власт, туку важат поинакви правила во Парламентот, пропорционална распределба на местата врз основа на граѓаните кои гласале, вие носите одлука во Парламентот претседателот и двајцата потпретседатели се избрани од партиите по редослед на освоени пратеници кои го заземаат првото, четвртото и петтото место, а додека партијата број 2 е скокната. Тоа го направивте минатиот пат со потпретседтелот Анастасовски, сега го правите и со кандидатурата на господин Зашов.

Јас, господине претседателе, вас, Вељановски и Груевски ве прашувам, дали граѓаните на Република Македонија кои со своите гласови обезбедиле 33 мандати во Парламентот, за опозицијата на листата - За Македонија заедно, немаат право да се претставени со потпретседател, а граѓаните кои освоиле 6 или 7 мандати во Парламентот, имаат право постојано да го добиваат потпретседателското место и тоа да го третираме како демократска добивка. Имено, оваа навика опозицијата да не одбива, инаку само да потсетам дека опозицијата во македонскиот Парламент од 1990 година па до денес, секогаш имала понуда да даде потпретседател. Некогаш тоа го прифаќала, некогаш тоа го одбила. На пример последниот пат го одби 2002 година. 2006 година опозицијата не одби, а продолжуваме со систем на ригиднонагласување на застапеноста во Парламентот кој треба да ги претставува интересите на сите гласачи, така како што се овде претставени.

Исто така имам забелешка и на госпоѓата Радмила Шекеринска која што сакам јавнод а ја кажам. Понекогаш треба да му го постави ова прашање на Груевски на лидерските средби, ако е интерес на Груевски некое законче, некое амандманче да му помине што побрзо во Парламентот, тогаш на него треба да му се постави, а и на Тачи истото прашање, зарем не е интерес на Република Македонија ВМРО-ДПМНЕ наместо да форсира партии кои имаат 4, 5, 6 пратеници за потпретсеател, само за да има контрола врз нив, да даде потпретседателско место на втората структура во Парламентот по бројност, тоа е коалицијата За Македонија заедно, или СДСМ, сеедно, затоа што одразот на гласовите во Парламентот кои сме застапени сите 120 пратеницикажува малку пинаква математика. Затоа можам да изразам само разочарување дека Македонија го допира дното на парламентарната демократија со вков начин на надгласување, Македонија од 1990 до 2006 година го држеше чекорот на претставување и на мнозинството и на парламентарната опозиција во потпретседателските мандати, барем на ниво на понуда, секој што ќе одбие си носи своја одговорнсот или причина зошто го одбил, меѓутоа сега на крајот од нашиот транзиционен период ние рпактично почуваме каде што 1990 година мислевме дека сме завршиле. Дека никој од опозицијата нема право да биде туак претставен, туку ќе форсираме и помали партии само и само

да покажат самонаклоност, па да не речам и длабок поклон пред ликот и делото на ВМРО-ДПМНЕ.  Од тие причини изразувам, најмалиот проблем е како ние ќе гласаме, изразувам навистина протест против начинот на кој Парламентот ги избира своите потпретседатели визави изборните резултати во Република Македонија, визави праксата во европска унија, визави праксата во НАТО земјите и претседателе на Парламентот за жал и веќе визави последната црна дупка на Европскито континент кој се вика Балкан, дури и визави балканското опкружување кое не познава веќе вакви примери во земјите околу нас, кои последни го фатија приклучокот на демократијата на стариот Континент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Вељановски, реплика ли барате? (Да)

Повелете со својата реплика три минути.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Колегата Никола Поповски загатна едно прашање во односо на можноста околу тоа коалиционите парнети да предлагаат потпретседател во Собранието на Република Македонија и се повикаа на некое претходно искуство во кое што се даваше покана и од страна на политичките партии во опозиција дали ја прифаќаат или не ја прифаќаат понудата.

Сепак господине Никола Поповски сметам дека тоа треба да се регулира и да не биде на добра волја ваша илина некој друг, ние го предложивме во деловникот кој беше доставен во Собранието на Република Македонија дека ќе биде деловничка одредба задолжителна на сите политички партии кои го сочинуваат Собранието на Република Македонија. Но, знаете и вие сте запознаени, и вие пишувавте амандмани, на еден член пишувавте по 100 амандмани со додатоци бројката се заменува 20 со 30, па бројката 20 со 50, вие го стопиравте носењето на тој деловник. Носењето на тој Деловник кој што има многу добри решенија за расчистување на сите вакви прашања кои што можеби претходно биле баланс во Собранието на Република Македонија се само со единствена цел, вие не сакавте да се воведе ова што вие гокажувате господине Никола Поповски читајќи ги деловниците на собранијата на други земји, не прочитавте или не сакате да кажете овде дека и таму има ограничување на дискусија на пратеник. Вие тоа дали го прочитавте и не треба селективно одредени решенија кои што се во деловниците на други западноевропски земји, членки на Европската унија, кои што сте ги прочитале да ги прикажувате делимично, селективно одредени решенија. И треба да се префрли во деловничка одредба во коај што не би требало да биде добра волја на некоја политичка партија, туку би требало да биде  одредба која што ќе биде задолжителна во однсо на тоа дали најголемата опозициона партија треба да има свој предлог за потпретседател на Собранието на Република Македонија. Сметам дека треба што побрзо да се донесе деловникот за да и ова и многу други прашања кои што конкретно се проблематични во однос на различното толкување на пратеници, пратенички групи да биде регулирано. Да не  останеме на добра волја, туку на деловничка одредба која што ќе биде задолжителна, без оглед дали сте на власт или во опозиција.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Никола Поповски.

Повелете господине Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Господине Трајко Вељановски не знам ни самиот дали си верувате на ова што го зборувате. Се трудите во стилот на вашиот шеф Груевски од петни жили д анајдете нешто во што и вие не верувате, да го смениме Деловникот за да овозможиме. Што ќе ви е Деловникот, предложете потпретседател од СДСМ на наш предлог. На кого вие му фрлате прашина во очи. Сте се укопале во најтоталитарната свест во Европа во 2007 година. Ни објаснувате зошто опозицијата која е втора партија по бројност во Парламентот и која ја прифати бојата од вашите коалициони партнери претставена во Парламентот треба да нема потпретседател, а вие да имате. Па, вие само барате изговор за вашата тоталитарна свест, ништо повеќе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи ме споменавте ако дозволите, ова не е ни процедурално, ни реплика, сега јас скратено ќе кажам. Претседателот на Собранието не носи одлуки, туку тој сам ги регистрира одлуките на Собранието. Собранието е орган кој одлучува. Претседателот ги регистрира одлуките претворени во вербален исказ и затоа се вика најчесто спикер.

Значи, не е мое да одлучам, одлучувате вие како пратенички групи.

Второ, ако ме прашате во деловникот има изричито најмногу до два претседатели. Колку јас што се сеќавам во Уставо тима повеќе и колку што јас имам можност, мене ако ме прашате лично за печатот и било кој друг човек, нема човек кој би се согласил да нема три а да има два потпретседатели. Ми ја олеснува работата. Според тоа ако ме прашате за мој впечаток јас не би имал ништо против и да имаше уште еден потпретседател од опозицијата. Верувајте немам ништо против. Тоа е мојот одговор, инаку за жал претседателот не носи одлука, одлука носат најмалку 40 души.

Господине Поповски имате ли контра реплика или не. Мое е да ве прашам, а ваше да одговорите.

Повелете ако имате контра реплика.

**Никола Поповски:** Вие сте прв меѓу еднаквите,меѓутоа вашата позиција е Уставна каде што пишува претседател на Собрание и меѓу другото вашата позиција укажува дека вие според Уставот не смеете да бидете член на органи на партии. Така пишува, нели.

Помеѓу другото за да ги избегнете притисоците од партијата од која што сте потекнале, мене ми е непријатнод а ви го кажам и нема погрешно да биде, ако мене ме прашате да сум јас на ваше

место ќе ги соберам координаторите и претседателите на партиите со легитимитет на втор номинален човек на Парламентот во државата и ќе ги убедам дека опозицијата треба да има потпретседател. Меѓутоа, јас имам впечаток дека вие се повинувате на тоа општо движење и не ја користите својата уставна позиција која ви дозволува некогаш во име на демократијата и да им покажете малку заби. Ама имам впечаток дека забите ги покажуваат тие што не треба во Парламентот.

**Љубиша Георгиевски:** Веднаш ќе гопризнам тоа дека воодноc на забите,навистина, тука сте прав, мене ми е таков карактерот.

Друго, во однос на првото немате право.Јас стрикно вториот ден дадов оставка на членство во изршниот комитет на партијата, така што тука нема проблем.

Одиме понатаму, ако дозволите.

Процедурално бара збор господинот Андреј Жерновски, повелте.

Андреј Жерновски: Вас почитуван претседателе амо воопшто не ви е јасноштo ви укажуваат колегите особено од опозицијата. Пред паузата ве опоменав најколегијално дека вашите реплики не се мерат временски. Вие рековте дека е грешка, до секретарот. Сега имате нов секретар кој што гледам ја прави истата грешка и повторно кога реплициравте повторно не ви се мери времето. Дали имате сега некое ново објаснување или сме овде толку наивни, или сте вие толку интелигентен, или многу ве интересира вашето ново објаснување, со нетрпение го очекувам бидејки тоа мора од генерација на генерација да се пренесе, мислам ова што го правите.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

Ве молам, ќе имам чест да разговарам со господинот Поповски и ние се објаснивме.

Ве молам да продолжиме со пријавените.

Господине Рафис Алити барате збор, реплика или процедурално? (Збор).

Збор повелете, имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Ние како парламентарна група навистина целиот овој период ги следиме изјавите од страна на позицијата во врска со тогашниот потпретседател господинот Иван Анастасовски. Велам следевме внимателно затоа што имаше разни изјави, се бараше негова оставка и т.н. Зошто ги велам овие работи.

Ова го велам затоа што до колку вонајмала рака според наша оценка до колку некој дал придонес барем до некаде да се зачува дигнитетот на овој највисок законодавен дом во Република Македонија, повторно повторувам според наша проценка, од овој состав на претседателство на Собранието тоа беше токму господинот Анастасовски.

Искрено да ви кажам кога тој даде оставка во околностите во кои што вие многу добро ги знаете, а и ние ги знаеме кога тој даде оставка од местото потпретседател поради притисокот кој што му беше извршен од страна на мнозинството заради добро познати причини и ние очекувавме дек ацелото Претседателство на Собранието ќе даде оставка, се разбира на чело со вас господине Георгиевски од повеќе причини.

Велам од повеќе причини затоа што до колку внимателно ги следите анкетите а сигурен сум дека тоа го правите, значи ги следите анкетите кои се спроведуваат во нашата земја рејтингот на Собранието никогаш не бил понизок. Не велам дека вие сте единствениот одговорен за таквата состојба, меѓутоа голем дел од одговорноста на раководството на ова Собрание што сте го довеле во вакво дереџе Собранието на Република Македонија. Поаѓајки од ова ние очекувавме колективна оставка. Бидејки ова не се случи, а гледаме дека и во иднина тоа нема да се случи и тоа од повеќе причини, затоа што некој навистина сака да стигне до една фотења, меѓутоа кога ќе седне на таа фотеља не може да ги менаџира соодветно своите надлежности. Во иднина ќе се очекува оставка на претседателот и другиот потпретседател затоа што тие не се ставиле во позиција да бидат навистина претседател и потпретседател на сите граѓани на Република Македонија.

Вие и другиот поптетседател секогаш сте ја кршеле страната и тоа многу очигледнодо страната на позицијата кршејки го деловникот, законите, дури и Уставот само за да покажете лојалност кон вашиот работодавец. Сепак останува вашата политичка оценка за тоа кога ќе донесете една такв аодлука да понудите ваша оставка. Не заради тоа што ние тоа го бараме денес, туку заради тоа што тоа е во ваш интерес, во интерес на ова мнозинство и воинтерес на Република Македонија. Тоа е во интерес на овој дом, нависитна Собранието да има повисок рејтинг кај граѓаните на Република Македонија, да се поврати довербата на граѓаните во овој законодавен дом.

Во однос на кандидатот кој што се предлага денес немаме намера да говориме затоа што иднината ќе покаже дали партијата која го предлага го има најдено вистинскиот кандидат. Дали Иван Анастасовски е заменет со квалитет или квантитет, или тоа пак ќе го покаже иднината. Ние би сакале нависитна овој состав на претседателството да се зајакне со еден потпретседател кој што ќе обидува, ќе прави напори да го зголеми изгубеното достоинство на овој законодавендом на едно повиско ниво. Тоа ќе биде ваша обврска господине Зашов независно од тоа дали ќе ја уживате подршката на опозицијата или не. Нормално е неочекувајте ние да ве подржиме, но вие со вашата работа докажете и направете ние во иднина да ја дадеме нашата подршка во текот на работата во својство на иден потпретседател односно кандидат на местото потпретседател на Собраниетп. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе. Навистина мислам дека пред Новогодишните празници, а можеби како добро тргнаа лидерските средби можеби ќе беше добро и овој законодавен дом да го покаже својот рејтинг и ли дигнитет, или пак имавме доста доволно време тоа да го направиме сите заедно.

Начелно се согласувам со господинот Рафис Алити дека сите пратеници внатре во Собранието имаме потполна одговорност еден со друг, еден кон друг и особено кон она што денес се случува. Но,морам да признам дека во однос на кредибилитетот нашиот однос кон граѓанит еи граѓаните кон нас е блокиран. Ние не уживаме рејтинг во јавноста како пратеници, било тоа да е женската или машката популација.

Она што во мигов ме вознемирува не е биографијата на господин Зашов, тоа напротив на никого не можеме да го оспориме, таа е богата, таа е трајна, таа е со низа професионални активности на господинот Зашов, добро е што е и во Националниот совет за евроинтеграции, се радувам заради тоа, она што не ми се допаѓаше беше следното, а морам како независен пратеник да го укажам, а и на македонската јавност, и на Валдата е следното.

Не ми се допаѓаше процесот како се однесуваа НСДП. Значи, неоспорно беше дека гласавме за господинот Иван Анастасовски, но трамплинот сега заминувам, сега не заминувам, сега ќе заминам, пак сега нема да заминам, во сценариото влегуваше господинот Тито Петковски, па го замолуваше да не замине и навистина тој не замина. Потоа господинот Иван Анастасовски кажа дека ќе замине, па потоа повторно мораше господинот Тито Петковски да го замоли да не замине и еве конечно замина. Ние немаме право за такво однесување пред македонската јавност.

Но, добро краткиот документарец заврши, сценариото е тука, ми се допаѓа биографијата на господинот Зашов, но го повикувам во овој момент Клубот на жените парламентарци и женскиот дел на популацијата и од позицијата и од опозицијата ќе беше добро Владата и мнозинството да размисли, добро ќе беше една жена овде да гледаме. Таа жена, мислам дека ќе можеше добро да го води ова Собрание и навистина, со голем мерак ќе гласав тоа да биде жена, од власта или од опозицијата, било да е од ВМРО-ДПМНЕ, или од НСДП, професорката Мира. Навистина жалам што ние во Клубот на жени парламентарки работиме сега на некаков закон кој е од европската легислатива и е императив, веќе од вчера, од Министерството за труд исоцијална политика, за некаква дискримианција односно недискриминација. Жалам за Комисијата од родовата еднаквост, всушност нееднаквост, колку жените треба да влезат во извршната власт. Навистина, сето тоа нам ни паѓа во вода и со 30% учество во Изборниот законик, па можеби тоа ќе биде идеен проект за 50%, да работиме за еден таков закон. Во секој случај мислам дека после ова женската популација треба сериозно да разговара, нели беше подобро да биде една жена потпретседател.

Во секој случај мојата дискусија не е во однос на биографијата на господин Зашов. Повторно ќе кажам, јас навистина мислам дека господин Зашов добро ќе го води овој Парламент, така како што треба и како што доликува на еден вистински потпретседател да биде ревносен и кон позицијата и кон опозицијата. Но, еве, нудам една дискусија за понатаму. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јавува госпоѓа Ајша Селмани, повелете.

**Ајша Селмани:** Благодарам.

Се јавив да и дадам поддршка на госпоѓа Валентина Божиновска и во мое лично име, но и во име н а жените пратенички од ДУИ. Ќе ја поддржам секако и неа и Клубот на жените парламентарки доколку излезеше со еден ваков предлог затоа што навистина, за да се застапи жената и во Претседателството на Парламентот повеќе од потребно за Република Македонија, бидејќиј овде имаме голем број жени пратенички и навистина непотребно, ако не претседателот тогаш да имаме еден потпретседтел од женската популација. Подготвена сум да ја подддржам госпоѓа Божиновска и секој друг кој ќе излезе со предлог за потпретседател жена, на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Иван Анастасовски, повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе, драги колеги.

За момент помислив дека мене ме бираат, како ме исфалија колегите, дури и од опозицијата и како ме нападна колешката од ВМРО Народна, или независен пратеник, почитуваната Божиновска. Но, тоа не е битно, денес Иван Анастасовски не е на дневен ред. Иван го направи тоа што го направи. Денес треба да го избере колегата Благој Зашов за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Јас, слушајќи ги сите дискутанти кои се јавија пред мене и тие што се скептици и тие кои сеуште не се определиле, што се размислуваат и тие што се определиле да не гласаат за колегата Благој Зашов, јас сакам да ве уверам да не се размислуваат туку да го дадат својот глас за колегата Зашов, токму во правец на тоа дека сите пратеници тоа што го констатираа пред мене, дека не нарушен угледот и дигнитетот на овој Парламент. Ако Иван си замина со таква констатација и му остави аманет на мојот драг почитуван колега господинот Благој Зашов, тој да го направи многу подобро од Иван Анастасовски.

Јас лично, познавајќи го господинот Благој Зашов, години наназад, верувам дека тој тоа ќе го направи. Неговиот ангажман и неговата работа во Собранието е доволен сигнал, дел од колегите

пратеници кои се размислуваат сеуште во овој момент дали да го дадат својот глас за почитуваниот колега Зашов, тоа треба да го направат. Јас ве уверувам и сивито на колегата е достапно до сите вас, можете добро да го разгледате. Меѓутоа, перформансите на почитуваниот колега навистина се на завидно ниво. Верувајте, почитувани драги колеги секогаш ќе имате поддршка за се што би било потребно за вас и за групите кои ги претставувате во Парламентот, во името на господинот Благоја Зашов. Затоа уште еднаш ссакам да ги замолам сите оние кои сеуште се размислуваат, да гласаат за колегата Благој Зашов. А она што го рече господинот Рафис Алити, иднината ќе покаже дека сите ние кои ќе го дадеме гласот сме биле во право. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има реплика госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Господинот Анастасовски изгледа заборави дека не е во кампања и не сум сигурна, простете господин Зашов, но мислам дека ви направи повеќе штета отколку корист, вашиот колега, од вашата партија, затоа што тој кога беше потпретседател на Собранието, видовме како работи и како се однесува. За работата можеби и немам толку замерки, всушност и немам, но за однесувањето навистина имам. Сепак, потпретседател на Собрание е висока функција за некој со месеци да се предомислува дали ќе остане или ќе напушти и несериозно да се однесува кон колегите, на крајот сепак својата сопствена партија да ја донесе во неповолна ситуација, затоа што местото што вие го добивте како партија сами се откажавте, никој не ве натера, а притоа пак кажавте дека за тоа е виновно ВМРО ДПМНЕ. Сега има разбирање за тоа дека, еве треба да остане повторно вашето место, па не сметам дека вие бевте тој кој требаше да го поддржува господин Благој Зашов, ниту пак, немојте да ми се лутите, има било какво влијание на било кој од пратениците, вашата кампањска изјава во овој момент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Да не го слушнев господинот Иван Анастасовски, ќе имав поинакво мислење за него и сметав дека е доблесно тоа што тој си поднесе оставка, но после овој говор, мислам дека тој во најголема мера својата оставка ја поднел затоа што мисли дека почитуваниот пратеник Благој Зашов подобро ќе ја обавува функцијата од него и токму поради тоа и поднел оставка.

За жал, и на Комисијата за избор и именувања кажав дека според рејтингот што го има Собранието и според она што е кажано во Извештајот што го добивме од Европската Унија, навистина на Собранието му беше потребно, не само потпретседателот, туку и претседателот и другиот потпретседател да си дадат колективна оставка, иако не можам да кажам дека единствено тие се одговорни за лошиот рејтинг на Собранието, но во секој случај најголемата одговорност во Собранието го има тој што ја води институцијата.

Што се однесува до почитуваниот колега Благој Зашов, изненадена сум од тоа што пратениците од ВМРО ДПМНЕ се импресионирани од неговата биографија и единствено што можам да кажам во таа насока е дека добро ќе се согласуваат со претседателот на Собранието, тоа врз основа на неговата биографија, бидејќи и двајцата многу успешна политичка кариера имаа изградено во оној систем што ВМРО ДПМНЕ го нарекува комуњарски.

Пратеничката група на ЛДП нема да дад е поддршка за овој предлог. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Јас би сакала да се придружам кон иницијативата за кандидат за потпретседател на Собранието на Република Македонија, да биде предлог жена, не заради тоа што оспорувам кандидатурата на госодинот Зашов, но жалам што доцна со оваа инцијатива се уфрламе.

Она што сакам да го кажам, од името на сите жени пратенички од СДСМ, ние поддржуваме една ваква иницијатива. Впрочем ние тоа и сме го докажале на дело затоа што во претходниот мандат, кога ние сме биле парламентарно мнозинство, за прв пат Собранието имало потпретседател жена и мислам дека тука не треба со повеќе аргументи да се дообјаснуваме. Ние секогаш сме имале чувство за ова. Но, за жал, иако сум координаторка на Клубот на жени пратенички, ние сме во малцинство во Собранието, нашите предлози и да се дадени не врват. Мислам дека тука ќе требаше повеќе улога да одиграат жените од парламентарното мнозинство, што еве е испуштена шансата, но очекувам дека во иднина малку повеќе ќе се води сметка за родовото прашање и поставувањето на клучни позиции, на жени, затоа што еднаш востановената пракса требаше само да се продолжи и да не се прекинува, а тоа во овој Парламентарен состав не врви.

Сакам само да кажам дека ние ја поддржуваме иницијативата, но парламентрно малцинство сме и практично не можеме многу да придонесеме за оваа иницијатива да биде прифатена во Собранието. Благодарам.

Има збор госпоѓа Елмазе Селмани, повелете.

**Елмазе Селмани:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас во име на парламентарната група на ДПА, го изразувам своето мислење и ставот на Парламен тарната група дека и ние сме за Парламентарка жена да биде потпретседател на Собранието на Република Македонија. Ние мислиме дека жените

треба да бидат во политиката и на функции, не само затоа што се 50% од популацијата, туку затоа што и тие имаат предности со кои може таа да конкурира во сите области на животот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието избира потпретседател на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници во Собранието.

Преминуваме на гласање.

Ги молам сите пратеници кои се во зградата, а не влегле, да влезат во салата затоа што не очекува гласање.

Предлогот, пратеникот Благој Зашов да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 64, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека пратеникот Благој Зашов е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

(Аплауз)

Дами и господа пратеници, дозволете ми во ваше и во мое име, на Благој Зашов да му го честитам изборот за потпретседател на Собранието на Република Македонија и да му посакам успех во работата.

Го молам потпретседателот на Собранието Благој Зашов, да даде свечена изјава.

Ве молам сите да станеме.

Го молам потпретседателот на Собранието да го повторува по мене текстот на свечената изјава.

- Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија.

Ве молам да ја потпишете свечената изјава.

(Потпретседателот Благој Зашов ја потпишува изјавата)

**Минуваме на точка 7. - Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот господин Рухи Бахију да биде именуван за член на регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи немам пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот м-р Рухи Бахију да биде именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 70 гласале за, воздржан нема, против 1.

Констатирам дека м-р Рухи Бахију е именуван за член на регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцпен ја заклучувам 92-та седница на Собранието на Република Македонија.

По пауза од пет минути, за пререгистрација, продолжуваме со 78-та седница.

(Седницата заврши во 16,08 часот)